## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 декември 2006 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Владо Бучковски, Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Илинка Митрева, Али Ахмети, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Весна Јаневска и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

(Пратеникот Игор Ивановски дава знак дека е присутен во салата, а пратеникот Арбен Џафери реагира дека е присутен).

Нивното отсуство било најавено порано, но сега се присутни во салата.

Ги молам пратениците да притиснат на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

На седницата присуствуваат 75 пратеници, гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 77 пратеници, гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално, збор побара пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека седницата ќе оди онака како што треба, меѓутоа, сакам да кажам нешто што се случи во текот на вчерашниот ден.

Како претседател на Комисијата за контрола на разузнавачките служби и како член на Комисијата за безбедност и одбрана, вчера на вестите дознав дека полицијата имала успешна акција и запленила три камиони со оружје. Мислам дека таа работа воопшто не е наивна и барам од овој Парламент под итна постапка да се расправа за одговорноста на лицата кои го дозволиле тоа, како три полни камиони со оружје можеле да излезат од магацините и фатени се на пат кон еден од граничните премини. Преку ова не смееме да поминеме така лесно и инсистирам во Парламентот да се расправа чии се тие камиони, чие е тоа оружје веројатно полицијата ќе утврди.

Барам по итна постапка на Собранието, во текот на наредната недела, да се утврди во што е работата, каде се изнесени, каде биле и каде биле наменети да одат. Сепак не е едноставна и лесна работата, во ова време, во ова опкружување три полни камиони со оружје туку така да ги снема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предложете писмено, додајте и материјал и Претседателството ќе посвети должно внимание на овој предлог.

**Есад Рахиќ:** Сериозна е работата, можеби вие ќе добиете во текот на денот писмено барање.

**Љубиша Георгиевски:** Да.

Сега продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точката 1-Избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.**

Претседателот на Република Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесоа предлози за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија кои ви се доставени.

Согласно амандман 28 точка 1 став 5 на Уставот на Република Македонија и член 6 став 1 алинеја 3 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно амандман 28 точка 1 став 6 на Уставот на Република Македонија и член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Процедурално има збор пратеникот Џевад Адеми.

**Џевад Адми:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници, сведоци сме и во овој Парламент, но и во целата јавност дека е создадена голема дилема, нејаснотија и страв од инструментализација на механизмот наречен двојно гласање. За жал, во овој Парламент се соочивме со вакви или поинакви толкувања кој во суштина го има ова право гарантирано со Устав. За да ги објасниме дилемите и работите да бидат јасни, барам во име на парламентарната група на ДУИ и ПДП вие како претседател на Парламентот изрично и јасно да ги рочитате имињата на пратениците претставници на немнозинските пратеници кои го имаат тоа право. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Списокот на тие што се квалифицирани за гласање по Бадинтеровиот принцип постои, тој што се интересира може да го добие. Списокот има 35 членови. Благодарам.

Преминуваме на избор на членови на Судскиот совет.

(Пратеникот Џевад Адеми реагира од место со зборовите: Сакам да го добијам списокот, заинтересиран сум за тоа).

Ќе го добиете, повелете.

Молам службите да го достават списокот на господинот Адеми.

Процедурално има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Парламентарната група на ДУИ-ПДП бара пауза од 15 минути за да се достави списокот на оние кои имаат право да гласаат со Бадинтерово мнозинство или како што го нарекуваме двојно мнозинство. Сакаме поименично да ги знаеме кои се, затоа што и порано сме зборувале околу тоа.

**Љубиша Георгиевски:** За да не губиме време, во текот на работата ќе ви се подели списокот.

**Рафис Алити:** Барам пауза од 15 минути, сакам точно да знам кои се имињата на списокот.

**Љубиша Георгиевски:** Списокот ќе се подели, ќе се знае точно.

**Рафис Алити:** Јас барам 15 минути пауза за да се добие листата.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам 15 минути за да се достави листата.

(Пауза од 12,15 часот)

(По паузата седница започна со работа во 12,28 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Преминуваме на -Избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Роза Топузова-Каровска.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам претседателе.

Кога беше побаран списокот на пратеници кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, мислев дека тој список ќе ни биде доставен на сите, со оглед дека има недоразбирање и е поделен на пратеничката група од ДУИ-ПДП, па би сакала ако може списокот да биде поделен на сите пратеници, во текот на расправата.

**Љубиша Георгиевски:** Во текот на расправата списокот ќе биде поделен на сите. Од тоа не треба да се прави тајна. Ќе го објавиме и во весници ако треба. Вашиот предлог во целост е прифатен.

Дали има други процедурални интервенции?

Процедурално за збор се јавува Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Благодарам господине претседателе,

Во духот на позитивната атмосфера и во духот на добра клима која е создадена со отпочнувањето на дијалогот меѓу челниците на четири најголеми политички субјекти во Македонија и во духот на негувањето, така да речам, толеранции и взаемно разбирање, во духот на пораката за суштенствен дијалог меѓу парламентарното мнозинство и опозицијата, парламентарната група на ДУИ-ПДП, од вас како претседател и од актуелното парламентарно мнозинство бара пратеникот кој е оспорен, член на Комитетот за односи меѓу заедниците, госпоѓа Анита Кипаризова-Крстевска, овој пат да не го искористи оспореното нејзино право за двојно гласање. Сето ова го велам со една цел да не се создаде блокада и со цел да не се создаде убеденост дека парламентарната група на ДУИ-ПДП е против реформите во судскиот систем и со својот глас на ова двојно мнозинство, да го попречи актуелното мнозинство во својата ориентација, за да ги имплементира регормите во судството.

Сега, од прилика да го кажам тоа и на макеоднски јазик.

Во духот на позитивната клима, во духот на реклаксираната атмосфера што се создаде со започнатите разговори помеѓу лидерите на четирите најголеми партии во Македонија, во духот на толеранцијата односно избегнувањето на темите кои и така лебдат, не само во Собранието туку и во јавноста, пратеничката група на ДУИ-ПДП уште кога се формираше Комитетот за односи меѓу заедниците, најави дека ќе го контестира правото на пратеничката Анита Кипаризова-Крстовска и од овој пат од владеачкото мнозинство, за да не се блокира работата на Собранието и да не се блокира изборот на членовите на Републичкиот судски совет, бара уважената госпоѓа Анита овој пат да не го користи и така контестираното право за двојно гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Одговорот на спикерот е следниот: Никој нема право никому да контестира етничка припадност,

според Декларацијата за човековите права на Обединетите нации.

Отворам претрес по Предлогот Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Збор побара Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници.

Јас и на самата Комисија за избор и именувања имав една дискусија во која зборував за партизацијата на судството во Република Македонија односно партизацијата на Државниот судски совет. И тогаш и денес сум против предлозите кои дојдоа од страна на Комисијата и од претставници на политички партии, се со една единствена цел дека за мене Државниот судски совет го разбирам како независно судство, независен орган кој ќе си ја води работата така како што треба. Вака, имајки предвид дека госпоѓата Лина Петровска во 2005 година сама побарала да биде разрешена од Собранието на Република Македонија. Од кои причини и зошто, не знам. Меѓутоа, тоа го нема наведено ниту во нејзината биографија.

Ако излеземе со еден искрен однос, не само кон ова Собрание туку и пред претходните состави на Собраниеот на Република Македонија, сметам дека ќе излеземе со една реална слика и реално почитување на колегите кои биле пред нас.

Партизацијата на судството ја сваќам како еден чекор кој ќе не оддалечи од Европа, чекор кој ќе не однесе уште подалеку отколку да имаме едно консензуално решение, да имаме една ситуација во која ќе имаме изграден еден консензус и меѓу политичките партии и во парламентарното мнозинство и во опозицијата, така што ќе избереме луѓе кои немаат ниту една дамка и немаат никаква поврзаност со некоја политичка партија. Меѓутоа, и другите предлози кои доаѓаат, не само за Лина Петровска, туку и предлозите за Бедредин Ибраими и за Звонко Богдан, јас немам ништо против луѓето, биле активни во своите политички партии, меѓутоа сметам дека ќе оставаат една дамка во судството на Република Македонија, со тоа што тие луѓе секој пат ќе имаат една хипотека која ќе ја носат со себе.

Бедредин Ибраими го познавам како министер за труд и социјална политика и не е мое да ценам дали бил успешен како министер, или не. Меѓутоа тој ќе ја носи хипотеката дека бил минситер од една политичка партија.

За Звонко Богдан исто така ќе кажам дека бил член на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Куманово и сметам дека тој човек ќе има исто така една хипотека.

Што значи партизацијата на судството?

Сами сме сведоци, во 1999 година кога за претседател на Државната изборна комисија имавме партиски човек, што ни се случи. Тие избори оставија една црна дамка, што, да ви кажам до ден денес сите ние во Република Македонија ја влечеме. Затоа, почитуван претседателе, почитувани пратеници, апелирам овие предлози кои дојдоа од Комисијата за избор и именувања, уште еднаш да се преиспитаат и од страна на самите луѓе гои се предложени и од самата Комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Иван Стоиљковиќ.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе,

Мојата дискусија не е поврзана со кандидатот за член на Републичкиот судски совет, од причина што мислам дека контекстот за избор на членови на Републичкиот судски совет е едно друго прашање и за тоа прашање треба да се изјасниме.

Станува збор за, уште на почетокот успеавме да слушнеме и од господинот Адеми кој се повикува на дијалогот на четирите големи партии. Демек тој дијалог на четирите големи партии ќе можел да даде резултати во функционирањето на Собраниеот, поготово кога станува збор за проблеми и прашања сврзани со проблемот на Бадинтеровото правило.

Евес ега во оваа ситуација, од ова место, мислам дека ќе треба да се пушти една порака до парламентарното мнозинство. Мислам дека таа порака треба да биде, пред се, од воспитен карактер. Значи, очигледно вие можете да преговарате колку што сакате, четирите големи партии, ВМРО и СДСМ можете до утре сабајле да разговарате, па можете да го продолжите разговорот колку сакате, меѓутоа златната картичка или златниот глас за Бадинтеровото правило е овде во овој ред каде што седам јас со моите колеги, припадници на помалите етнички заедници. Тука не го заборавам и господинот Есад Рахиќ. Мислам дека тоа треба да ви се каже од проста причина што не можете да дојдете на седница на Собранието на Република Македонија, да предложите членови на Судскиот совет, а да не направите елементарна комуникација, или да ги прашате претставниците на помалите заедници дали го поддржуваат тој предлог и дали ќе учествуваат во гласањето и кои се нивните евентуални гледања на тој проблем. Дури и претседателот на Собранието на Република Македонија во изминатиот период не најде засходно, нас претставниците на помалите етнички заедници, кои инаку дејствуваме самостојно во Собранието на Република Македонија, да не повика на координација, кога станува збор барем за прашања сврзани со Бадинтеровото мнозинство. Сега, ако мислите дека можете да се договорите четирите големи партии, тогаш повелете договарајте се. Очигледно дека претставниците на помалите

етнички заедници овој пат нема да учествуваат во оваа приказна, од проста причина што еднаш треба да ви се укаже дека не можете да поминувате преку гласот на помалите етнички заедници и она што во Македонија се случи во изминатите стотина и нешто дена, со новата Влада, дека сите проблеми во Република Македонија и целокупниот политички живот во Република Македонија е концентриран на односите помеѓу ДПА и ДУИ, а претставниците на помалите заедници, дури никој да ги споменува, а уште повеќе пак да ги стави во својата политичка агенда. Ова е прилика да ви покажеме дека мора и да не споменувате и да не ставате во вашата политичка агенда затоа што ниту ќе го изберете судскито совет, ниту ќе го изберете јавниот обвинител, ниту ќе ги донесете многуте закони кои следат во натамошниот период, а за кои ви се потребни гласовите на припадниците на помалите етнички заедници. Мислам дека оваа воспитна порака ќе делува во наредниот период, затоа што оваа прилика прв пат, изгледа ја пропуштивте.

(Со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика, господинот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Јас би го замолил претходниот дискутант да не зборува и во мое име, бидејки тој не може да одлучува дали ќе гласаат претставниците на помалите етнички заедници, бидејки, јас припаѓам на помала етничка заедница и ќе гласам по свое убедување. Не е само тој претставник од таква заедница.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика Иван Стоиљкови.

**Иван Стоиљковиќ:** Господинот Алиу не заслужува реплика, од проста причина што ниту слушаше, ниту разбра што сакам да кажам. Господинот Салиу е дел од парламентарното мнозинство и очигледно ќе гласа како што ќе гласа парламентарното мнозинство. Ние кои сме дел, условно кажано, од опозицијата, а кои делуваме самостојно во Собранието на Република Македонија, значи јас како пратеник на Демократската партија на србите, Кенан Хасипи и господинот до него делуваат како пратеници на Демократската партија на турците и господинот Неждет Мустафа кој делува како пратеник на Ромската партија. Јас говорев во нивно име, а господине Салиу вас ниту ве спомнав, ниту мислев на вас.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Следен за збор е пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе, бидејки дискутираме за овластен предлагач по оваа точка на дневниот ред, е Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија, во моментот пред да се впуштиме во општата расправа, би сакале од предлагачот официјално да добиеме образложение затоа што во овој предлог што го добивме сите пратеници, стои само кои лица се предложени од вкупно пријавени 36 кандидати, избрани се тројца. Значи во образложениeто се наведени, што е недопустливо, само од техничките процедури односно критериуми и процедурата по која се избираат тројцата членови, од страна на Собранието, кои се дел од Судскиот совет, за на крајот Комисијата за прашања на избори и именувања да констатира дека на 12 декември кога ја одржува нејзината седница, со мнозинство гласови го утврдува предлогот на тројцата членови за Судскиот совет и дека му предлага на Собранието да го разгледа овој предлог и да го усвои. Значи не достасуваат условите и критериумите за едно сериозно образложение не само за нас пратениците, туку и за јавноста, да видиме Комисијата кога расправала од кои критериуми се водела кога се одлучила да ги предложи овие тројца кандидати, до толку повеќе што имаше една поширока листа на кандидати кои беа номинирани, кои се пријавиле до Комисијата, на конкурсот, а Комисијата на Собранието ниту збор не кажува зошто ги одбрала токму овие тројца. Ова е претходно прашање и предуслов за да можеме да водиме сериозна дебата, бидејки ние како Собрание ја имаме одговорноста за да ги избереме овие тројца членови изатоа мораме пред јавноста да ги изнесеме аргументите. Комисијата за избори и именувања, не ни нуди аргументи зошто ги одбрала токму овие тројца кандидати.

Пред да продолжиме со расправа, предлагам претседателот на Комисијата, во име на Комисијата да даде образложение и врз основа на тоа образложение да можеме да ги темелиме нашите аргументи во расправата и соодветно на тоа, како пратеници, да се изјасниме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика бара претсеадтелот на Комисијата за избори и именувања, господинот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељаноски:** Пратеникот Борис Кондарко ја прозва Комисијата и прашува зошто баш тие три лица. Затоа што така одлучи Комисијата. Затоа што одлучи врз основа на предлози на членови на Комисијата и се одлучи за лицата: Лина Петровска, која доби мнозинство гласови и тоа 7, Бедредин Ибраими 8 гласа и Звонко Богдан 7 гласа., Блаже Стојаноски доби 5 гласа, Исмаил Дарлишта доби 3 гласа, Насер Ајдари 4 гласа, Хусамедин Лимани 4 гласа и предлогот што беше од Оливер Спасовски за Канзуски, доби само 3 гласа.

Врз основа на тоа Комисијата за избори и именувања одлучи оние што добија мнозинство гласови, така е согласно Деловникот за работа на Комисијата, овие три лица, согласно нивните биографиии што ви се дадени во прилог, можете да прочитате за нивната стручност, и врз основ ана тоа Комисиајта се одлучи за овие три кандидати.

Затоа мислам дека не би требало сега процедурално, од страна на некои да се укажува зошто токму тие три лица. Ако имате нешто суштинско, забелешка, за одредени кандидати треба да ги искажете за да може да одлучи Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот, господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Сега, почитуван колега Вељаноски, вие во името на вашата партија, владеачка, ја покажавте ароганцијата и апсолутизмот на вашето владеење.

На што личи одговорот "затоа што така одлучи Комисијата". И другите 36 кандидати, исто како и овие тројца, имаат убави биографии. Зошто да не бидат избрани тие? Значи ние бараме услови и критериуми од кои се раководела Комисијата.

Можеби во вашиот одговор "така одлучи Комисијата" фали уште еден збор - така одлучи Комисијата затоа што имате мнозинство таму. Меѓутоа, симптоматично е, затоа што од трите коалициони партнери НСДП, ВМРО ДПМНЕ и ДПА, сте предложиле по еден. Значи, сте си ги поделиле кандидатите итоа асоцира на партиско одлучување, а не на одлучување врз основа на криериуми, што ги бараме, а не ни ги нудите овде.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега Кондарко.

Има збор пратеник, господин Хасипи Ќенан, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Иако господинот Иван Стоиљковиќ се осврна на некои работи што беа врзани со примената на принципот на двојно гласање или Бадинтеровиот принцип, јас би сакал да се осврнам на друга работа што сметам дека е многу битно во сфаќањето и на духот на Рамковниот договор од Охрид и на уставните амандмани што произлгоа од тој договор.

Република Македонија, согласно својата структуираност е поделена на законодавно, судска и извршна власт. Духот на Рамковниот договор од Охрид е да се спречат облиците на мајоризација на сите три нивоа. Според тоа, принципот на Бадинтер на извесен начин се применува освен во законодавната и во извршната и во судската власт. Во извршната власт, со учество на претставниците на немнозинските заедници во извршната власт, меѓутоа во судската власт, со избор на највисоките судски органи, каде што се оди на запазување на принципот на правична и соодветна застапеност.

Меѓутоа, овде се случи една интресна појава. Со оглед на фактот дека Државниот судски совет ги донесува одлуките со двотретинско мнозинство, доколку не постоеше соодносот 9:6, постоеше можност за етничка мајоризација по основ на бројност на одредени членови, припадници на етничките заедници. Јас, искрено се надевав дека Владата ќе го има тоа во предвид и кога ќе предлага тројца кандидати, ќе размислува да се задржи тој соднос, за да не дојде во ситуација Претседателот на државата, за да го постигне тој баланс, двата свои прдлози да ги предложи како припадници на малцинските заедници.

Така што, во овој случај имаме припадник на една немнозинска заедница, Владата предлага само еден кандидат од Албанската етичка заедница. За да се постигне тој баланс, Претседателот предлага два кандидати од малцинските заедници за да се задржи соодносот 9:6 кој соодност спречува етничка мајоризација при донесување на одлуките во ДСС. Колку е тоа политички зрело и добро решение, ќе проценат политичарие и ќе покаже времето. Меѓутоа, факт е дека при тој избор, некој се нашол во ситуација да мора да го покрие она што некој претходно тоа не го одработил.

Од друга страна, односот 7:7 и по еден претставник од припадниците на малцинските заедници во Република Македонија, во претходниот мандатен период не беше битен, со оглед на фактот дека политичката партија што беше дел од владеачкото мнозинство го имаше тој број. Така што гласовите на останатите етнички заедници не беа толку битни при донесувањето на одлуки. Меѓутоа, овој пат се случи нешто друго. Овој пат се случи да владеачкото мнозинство го нема тој Бадинтер и тоа Бадинтерово мнозинство може да го набави со гласови на припадниците на малцинските заедници, иако Уставот не користи таков термин. Уставот користи термин заедници кои не се во мнозинство.

Зачудува фактот, кога е тоа така, зошто воопшто не постојат контакти на реалција владеачки партии - пртставници на малцинските заендици, имајќи во предвид дека, јас би рекол еве, фамозниот Бадинтер не може да се избегне. Може да се одложува, меѓутоа не може да се избегне. Меѓутоа, кога има потреба од тоа Бадинтерово мнозинство и во наредниот период, јас мислам дека би било политички зрело и мудро, барем по законските проекти што задираат во интересите на малцинските заедници и за чие изгласување е потребно Бадинтерово мнозинство, да се воспостави едно правило на постојана комуникација со припадниците на малцинските заедници. Најдобро би било да биде по основ на сите закони, меѓутоа тоа е можеби невозможно од објективни причини. Но, барем што се однесува за проектите за кои што е потребно Бадинтерово мнозинство, таков дијалог мора да постои. Инаку, времето покажа дека дијалогот на релација на побројните политички партии, не може да го реши овој проблем.

Затоа, овој мој настап сфатете го во таа насока и, согласно принципот дека, народната изрека

“прасе пред Божиќ не се гои, овој пат нема да го подржиме предлогот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Рахиќ Есад.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, не гледам пртставници од Владата,

Мислам дека многу порано требаше да се отвори овој процес, да поразговараме за она што во Македонија пред два дена, реков дека моето име е Роберт Бадинтер.

Јас сум Есад Рахиќ и не сум член на малцинските заедници, член сум на СДСМ. Отсекогаш сум бил, до кога ќе бидам, времето ќе покаже.

(смеја во салата)

Не е смешно. Ако во рамките на мојата партија не си ги остварувам своите правам ќе барам друга средина, што е нормално. Тоа е право на избор. Човекот се раѓа слободен и слободен умира, во најчести случаеви.

Сметам дека доволно кажав со тоа што сум бил член на СДСМ и тоа значи дека никогаш не сум ги гледал луѓето поинаку освен како граѓани, добри или лоши, чесни или нечесни и слично. И во минатиот период, кога се гласаше за предлозите за кои што се гласаше според Бадинтеровиот принцип, многу пати гласав против своја волја, затоа што имаше неквалитетни прдлози, затоа што имаше и неквалитетни судии тогаш предложени од мнозинството и не гледам и сега причина зошто би гласал за или против. Едноставно, тоа е една практика востановена во Република Македонија пред малку подолг период.

Денеска, ми дава за право да го кажам ова, на насловната страна на “Дневнк” вели “Ние на Балканот - Хрватска во Евроопа”. Додека не почнеме да ги решаваме прашањата што ја кочат оваа земја во одењето напред и не држат во оваа Балканска кал во која што сме, ние ќе тапкаме во место.

Верувајте, драги пријатели колеги, 14 годиниво рамките на мојата партија се борам за еманципација, некој пат повеќе, некој пат помалу. Верувајте драги колеги, ме болеше минатиот пат во претходниот состав на Парламентот кога гласав, еден мој колега велеше - па добро, па тој не е Бошњак, тоа е СДСМ. Да, јас сум член на СДСМ, меѓутоа припаѓам на една мала етничка заедница, што не е битно дали брои 0,9% или 1% и нешто туку е заедница на граѓани кои чесно работат, плаќаат даноци, живеат, се раѓаат, умираат во Република Македонија и понатаму тоа ќе го прават. Не случајно моите родители кога дошле овде, останале, затоа што препознале држава во која што можат да си ги остварат своите вистински права.

Сега, некој тие права сака да ги ускрати. Вели, Македонија е библијска земја. Знаете зошто, веројатно затоа што Апостол Павле препознал држава, земја со квалитет. Или сите ние се фалиме со Александар Македонски или Вториот Александар Искендер. Тие биле луѓе на кои идентитетот не им бил важен. Тие имале една заедничка цел.

Можеби некому ова филозофски зфучи, но верувајте многу е тешко цел живот да се борите да биде пет пати подобар од некого за да бидете приближно еднаков. И на училиште, и во спортот и во партијата па и кај нежниот пол. Тука малку полесносме поминале.

(Сеење).

Смешно е, но тоа е природно веќе.

Тоа што сакам да го кажам денеска, бидејќи политичките партии во Македонија се претежно составени од припадници на една етничка заедница, ние живееме во едни мали авлии. Некој рекол на времето “Проклета авлија”, со мал капиџик, со мали или никакви прозори и не можеме да погледнеме подалеку од нашиот двор.

Очекував дека, бидејќи не очекував од политичките партии, тие се на власт како што бевме и ние, нема разбирање, очекував дека можеби институцијата Претседател, господинот Црвенковски, бидејќи е на повисоко место, со поширок видик, бидејќи е Претседател на сите граѓани, можеби ќе има чувство да предложи еден судија, член на СС од редовите на Бошњаците, Србите, или би рекол Ромите, иако господинот Шабан можеби ќе се препознае па ќе рече дека немам право да зборувам во негово име.

Сметам дека сега, кога зборувам, зборувам во име не само на 10-тина, 15 или 20% луѓе малцинства кои живеат како етнички заедници покрај Македонците и Албанците. Чувствувам дека зборувам и за оние останати луѓе Македонци или Албанци, кои немаат син министер, немаат еден голем олигархиски тајкун да реагира и креира одреден листинг, кој нема роднини владици или што ја знам и кои немаат право на вистински избор.

Мојот апел е, јас ви кажувам господо од мнозинството, ќе гласам и за вашите предлози како што гласав и тогаш. Меѓутоа, тоа не ја менува субстанцата. Ние не одиме напред само затоа што не можеме да се погледнеме во очи и да ги избереме поспособните од нас да одат напред. Затоа ќе ги поддржам моите колеги како член на СДСМ, Бошњак, а уште долго, ако не се послушаме, ако денеска не се договориме, уште многу долго ние ќе бидеме на Балканот, а Хрватска и останатите ќе бидат во Европа.

(Со седницата продолжи да раководи Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието)

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, сакам и овде да го изнесам мојот став, иако кажав и на Комисијата за избор и именувања во однос на предлогот за

членови на Судскиот совет во Република Македонија и овде мислам дека умира и последната надеж дека ќе направиме нешто од независно судсво и ќе воспоставиме систем, впрочем за што сите декларативно се залагаме, но веројатно не ни одговара да биде така. Затоа постојано настојуваме да ставиме што е можно партиски луѓе внатре, што е можно повеќе да имаме подконтрола една од властите на Република Македонија и само декларативно да кажуваме дека правиме реформи во Судскиот систем, дека покажуваме резултати, меѓутоа ваквиот начин на работа, навистина ќе добива оценки и од оние кои не мониторираат сега во овој период. Дека, навистина имаме ненапредок, туку назадување во одреени процеси што се значајни за евроинтеграциските перспективи на Република Македонија.

И на Комисијата за избор и именувања навистина реков, ќе повторам и ове, целиот овој процес го претворивме во една фарса или процес на лицитирање, процес на исклужително лицитирање што се одвиваше во Комисијата за избор и именувања. Начинот на кои што беа предложени кандидатите, тројцата кандидати што однапред се знаеја дека се членови на Судскиот совет, тројца кандидати предложени од три различни партии кои го сочинуваат парламентарното мнозинство, без воопшто да се погледаат биографиите на сите други 33 кандидати и да малку цениме за квалитетот и стручноста во овој дел, навистина е непримерно. Нема да придонесе за позитивна оценка во овој дел. Сите овие три предложени кандидати, веројатно според претходно донесен договор или пазарење во Парламентарното мнозинство, гледајќи во нивните биографии имаат се, освен што не биле чесни до крај па да си ја напишат и партиската припадност или партиската функција што ја имаат или ја имале во досегашниот период.

Ова, господо од парламентарното мнозинство не го ветувавте на граѓаните на Република Македонија. Ветувавте дека ќе се залагате за независно судство, дека ќе градите независни институции што ќе придонесат да се зацврести позицијата на Република Македонија.

За жал, се продолжува и понатаму со партизација во сите сфери во Република Македонија и со уште поголем партиски обрач во сите институции. На таков начин нема да постигнеме напредок, на таков начин нема да се пофалиме дека го реформиравме судскиот систем во Република Македонија и на таков начин упатуваме јасна порака дека не сме подготвени да одговориме на предизвиците што ни ги нуди Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика бара Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега и почитувани колеги од СДСМ,

Не можам да премолчам на сите ваши дискусии што овде ги кажувате, дека ВМРО ДПМНЕ, политичката партија не се залага за независно судство, заради тоа се јавувам за да ве потсетам дека токму ВМРО ДПМНе не ги гласаше уставните амандмани од една единствена причина, заради тоа што сакавме да се гарантира независно судство, заради тоа сакавме не осум судии да се избираат од судската фела, значи и тие самите да се изберат, туку многу поголем број на судии да има за да може Судскиот совет да одлучува.

Сега, вашата дискусија се сведува на тоа дека луѓето кои ги избира Парламентот, односно парламентарното мнозинство без оглед кои се и што се, тие се политички обоени. Нормална е вашата реакција, затоа што не дозволивме во Уставот на Република Македонија да вградиме одредба со која што ќе го гарантираме, ќе ја гарантираме независноста на Судскиот совет со многу поголем број на судии и сега ќе немавме вакви расправии, бидејќи немаше воопшто да биде битно дали тројца, дали двајца или колку ќе предложи Собранието, ќе бидат составен дел на Судскиот совет. Сега само се девалвираат луѓето кои се експерти во своите области, кои се докажани правници, адвокати, кои можат да придонесат при конституирањето и работата на Судскиот совет да работат независно и во интерес на она што сите го бараме, а тоа се реформи во државата, во судството.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Би сакал само две реченици да кажам, пред да продолжиме евентуално со расправата.

Ве молам, јас ја разбирам вашата потреба да говорите и по општи работи. И, говорете. Но сепак да се концентрираме на темата. Темата е овде прочитана. Имаме една личност пред нас, за која треба да дискутираме, ќе ја прифатиме или не.

Ве молам, кога дискутираме за личност, апелирам на вашите џентлменски чувства, да ги поштедиме личностите за кои денеска ќе дискутираме од непријатни епитети.

Инаку, да бидеме сите свесни, да не трошиме време, да пронаоѓаме топла вода, човекот теоретски е зоополитикон, што значи политичко суштество. Ако ние сакаме да најдеме политички идиот кој нема никакви политички инклинации да биде судија, тоа е друга работа. Такви нема.

Значи, тука не се работи за тоа какви се политичките сфаќања на нашите идни судии. Се работи за тоа да тие се во состојба да правдата ја стават над се, а не да ги нема.

Според тоа, за секого може да се говори дека е ваму ангажиран, онаму ангажиран, но ве молам, ова го велам, сакам само да се собереме во времето, да се фокусираме на темата. Да сме конзистентни. Благодарам и се извинувам што зедов толку долг збор.

Сега, дозволете ми да продолжиме.

Контра реплика има Оливер Спасовски.

**Олевер Спасовски:** Благодарам претседателе. Колешке Бонева, вие можеби би сакале сите да бидат членови на Судскиот совет судии, меѓутоа, тоа не се стандардите, мислам европски кои ги имаме, тоа добро го знаете, тогаш во дебатата кога бевте опозиција го користевте на начин кој ви одговараше. Меѓутоа, сега вашата одговорнот е многу поголема за она што го говоревте и ветувавте на изборните кампањи. Вашата одговорност е поголема да направите систем или да направите тоа што ние сме го пропуштиле во тој дел. Не можете да се отргнете од тоа дека овие луѓе немаат партиска припадност, кога имате луѓе кои се членови до пред година дена во раководството на еден од Општинските комитетит на ВМРО-ДПМНЕ, тоа би требало да го знаете. Имавте министер во Владата 1998-2002 година кој припаѓа на политичка партија. Сето тоа не гарантира независност на ова судство, туку напротив имплицира на вашата решеност до крај да го партизирате овој систем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Нeждет Мустафа, повелете.

**Нeждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Ова е навистина ретка можност да имаме таков простор да се процени важноста на нашето присуство тука и важноста на нашиот глас. Од тој аспект сакам само да помогнам во гласот на моите колеги пратеници кои се трудиме да излеземе од оваа инфериорна положба во ова Собрание.

Интензивно во изминатиот период бараме реципроцитет во однос на многу нешта што се случуваат тука токму во овој дом.

Од таа гледна точка сакам да го пренесам мојот апсолутно висок респект кон предложените кандидати судии и да образложам дека со никаква друга аспирација не би имал да наштетам во нивниот избор, но ова го правиме само од аспект да се вреднува нашето присуство тука и нашиот глас.

Сакам да акцентирам дека се приклучувам кон иницијативата на моите колеги.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во недостиг на комуникација меѓу членовите на парламентарното мнозинство со пратениците од опозиционите партии, во недостиг на менаџирање на процесот што значи унапредување на работата во Парламентот и покренување на нивото на комуникации и зголемување на брзината на работа, денеска сме исправени пред едно прашање, а тоа е дали во недостиг на таква комуникација тие прашања што на координација би требало да се истакнат да ги истакнеме овде или да зборуваме, како што вели претседателот, за личности. Но да потсетам господине претседателе вие велите имаме пред нас личности, треба да ги поштедиме од негативни епитети, а треба да разговараме за личностите. Значи, дека ни сугерирате за тие личности да зборуваме само во суперлатив.

Но, во недостиг на такви аргументи ние сме исправени пред она за што пред малку зборував, да зборуваме за општите прашања, за прашањата што се значајни за процесот на реформи во судството.

Во членот 98 од Уставот на Република Македонија утврдено е дека судовите се самостојни и независни. Со оваа одредба се прокламира заложбата за одредување на положбата на судството во државата во однос на другите власти и се нагласува потребата од почитувње на независноста на судската власт, се разбира од страна на останатите власти, од страна на законодавната и извршната власт.

Независната положба на судството се изразува преку уставниот принцип според кој судовите ги донесуваат одлуките само врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Судот е стриктно врзан за начелото на законите. Со примената на овие начела судијата се штити при донесувањето одлуки од секаков вид влијанија како што се притисоци од надвор од многубројни групи и неформални центри на моќ и од другите власти.

Независноста на судството значи независност и при донесување на одлуки во поглед на претседателот на судот и повисоките судови.

Декларираната определба за независна положба на судството во однос на законодавната и извршната власт во претходниот период се обезбедуваше преку изборот на судии во Парламентот на предлог на Републичкиот судски совет. Со обезбедување имунитет, со непроменливост, неподвижност на судијата, со обезбедување плата што ја гарантира сигурноста, самостојна, независна материјална и социјална положба.

Практиката покажа дека судската независност е особено загрозена од два аспекта, од начинот на избор на судии во Парламентот и од начинот на разрешување на судиите исто така во Парламентот.

Од финансиската самостојност на судството и обезбедување потребни материјални средства за остварување на нивната функција.

Овие аномалии особено беа изразени во процесот на изборот на судиите што често беше проследен со политичко партиски влијанија и притисоци, непочитување на критериумите при изготвување на предлозите, а во одредени периоди и неприфаќање на предлозите на Републичкиот судски совет од страна на Собранието на Република Македонија.

Исто така не постоење систем на селекција и иницијален тренинг на судиите пред тие да стапат на функцијата доведе до одредени проблеми во вршење на нивната функција.

Градењето на независно и ефикасно судство беше определба која на крајот на 2004 година до средината на оваа година беше интензивно спорведувана преку процесот што започна со измена на Уставот. Потоа прифаќањето на амандманите, Судскиот совет на Република Македонија во чија надлежност е изборот и разрешувањето на судиите,што е сосема нов принцип што кореспондира со европските стандарди.

Измената на Уставот беше неопходен услов, но не и доволен да го започнеме процесот на јакнење на независноста на судството во однос на останатите власти. Република Македонија ни приближно не се наоѓа како во периодот на стекнување на независноста и ние реално го променивме начинот на кој го перцепираме прашањето за независно судство, што подразбираме под тој термин?

По уставните измени следеше процесот на изготвување на голем број закони кои требаше да го заокружат пакетот на реформите. Еден од позначајните е Законот за судскиот совет со чие донесување беше направен голем чекор напред во создавањето на реални претпоставки за јакнење на независноста на судството и елиминирање на политичките влијанија во изборот на судиите.

Што беше предвидено во уставните амандмани? Тоа што беше детектирано како проблем, беше предвидено,денеска се тоа уставни решенија, судскиот совет да биде составен од 15 члена од кои 2 по функција министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, 8 судии да бидат избрани од страна на самите судии и тие да се судии, 5 избрани во Парламентот од кои двајца на предлог на Претседателот на државата.

При изготвувањето на овие реформи основната насока во изведувањето на реформата беше прифаќањето на меѓународните стандарди. Затоа би сакала да истакнам дека активностите кои беа превземени во тој правец значеа прифаќање на меѓународните стандарди. Особено внимание беше посветено на принципите на независнот на судството содржани во Препораката во 94/12 на Советот на Европа, Европската повелба за статусот на судиите, универзалната повелба за судијата, судската повелба во Европа и повеќе мислења на консултативниот совет на европски судии.

Овие влијанија беа евидентни и беа посочувани, зборувам за политичките влијанија од страна на меѓународните фактори како реални заради тоа што изборот на судиите го вршеше Парламентот.

Всушност нашата држава беше оценувана негативно во овој поглед поради неусогласеноста на постапката за избор и разрешување на судиите со меѓународните стандарди.

Благодарение, пред се, на начинот на работа на претходната влада која значеше политички дијалог и соработка со претставниците од другите партии, од опозиционите партии во Парламентот беше завршен успешно овој процес. Да потсетам без согласност, без гласовите од ВМРО-ДПМНЕ.

Заедничката определба дека реформата ја спроведуваме во интерес на граѓаните и ја реализираме беше компромис помеѓу повеќето партии во Парламентот, но без ВМРО-ДПМНЕ. Кога заврши овој процес успешно, кога ги добивме пофалбите од меѓународните фактори, а ги зголемивме очекувањата и од судиите, но уште повеќе од граѓаните дека судската власт навистина ќе биде независна од законодавната и извршната и кога ги зголемивме и нашите очекувања дека овој процес што следи по усвојувањето на формалните одредби во Уставот и законите што претставува избор на членови на Судскиот совет во Собранието дека ќе биде свечен чин, се претвори во нешто спротивно. Наместо ние со задоволство како пратеници да бидеме присутни во салата и да гласаме за членови кои се независни, кои немаат никаква улога или поврзаност со политичките партии, да гласаме за членови на Судскиот совет кои при гласањето за избор на судии во рамките на Судскиот совет ќе бидат самостојни, ние имаме нешто спротивно.

Она што може да се констатира од ситуацијата што ја имаме сега е следното:

Во Македонија владеачкото мнозинство едноставно нема политичка волја да ги заврши започнатите реформи. Нема политичка волја да ги елиминира политичките влијанија во изборот и разрешување на судиите и да покаже дека во Македонија градењето независно и ефикасно судство е принцип што се почитува без разлика кој е на власт. Мораме, за волја на вистината, да констатираме и да искажеме оценка дека демократските определби на оваа Влада и на ова парламентарно мнозинство се само зборови што не кореспондираат со реалната состојба и фактичка положба во општеството.

Колку и да се зборува за демократијата од страна на власта, а при тоа да се кршат принципите и законите и да се носат измени на закони што се во спротивност со демократските стандарди, ние отворено и директно ќе укажуваме дека живееме во општество во кое секој сака да ни произведе и ни произведува виртуелна демократија. Јавноста од нас очекува да бидеме доследни во примената на принципите и таа е најважниот и најголемиот судија.

Не можеме за членови на Судскиот совет да предлагаме и да бираме истакнати партиски личности. Не знам какви аргументи да слушнеме овде за стручноста на членовите кои се избираат, тоа ниту опозицијата ниту јавноста нема да го

прифати како реализирање на определбите за независно судство. Јас сум убедена дека и вашето членство, а уште повеќе симпатизерите на парламентарното мнозинстов и на партиите што се дел од тоа мнозинство се свесни за она што го прави власта и можеби јавно нема да ја осудат постапката како тоа ќе го направи критичната јавност, пред се мислам на интелектуалците, но тука се и медиумите, но и нивното молчење ќе го толкуваме како согласност со ставовите на опозицијата.

Кои се причините поради кои ги имаме овие констатации во однос на членовите на Судскиот совет кои се избираат и се предлагаат од Парламентот, значи за трите членови. Тоа е типичен пример како не треба да биде направен изборот и пример за целосно спротивставување на она што беше интенција на уставните измени. За начинот кој се очекува предложените кандидати да ја вршат функцијата по евентуалниот избор, мислам дека е безпредметно да дискутираме. Тие се предлагаат затоа што треба да размислуваат партиски и партиите нема да се откажат од тоа нивно влијание при нивните дејствувања во рамките на Судскиот совет. Можеме сите да замислиме што ќе се случи со овие членови што денеска ги избираме ако тие во својата работа во Судскиот совет отстапат од партиските влијанија. Свесни сме што ќе им се случи. Значи,ќе бидат принудени да работат онака како што ќе им каже власта или да се соочат со реалноста да бидат разрешени од тие функции.

Сосема е јасно дека при предлагањето на кандидатите парламентарното мнозинство не ги почитува критериумите кои треба да бидат исполнети во согласност со законот, туку се води исклучиво од партиски интереси.

Со начинот на ваквиот избор реално на овие членови им се намалува угледот што би требало да го имаат како членови на Судскиот совет. Од наш аспект свесни сме дека грешите како парламентарно мнозинство и дека пред се правите штета на Парламентот, но и на Владата.

Ако толку се борите да ги истакнете квалитетите на оние членови на Судскиот совет што денеска ги предлагате,а истите имаат партиски функции или поради најразлични причини кои вешто останале недокажани и дале оставка од претходната судиска функција што ја вршеле, мислам дека им го нарушувате угледот. Ако тие личности се со партиски функции, мислам дека би било почесно од страна на партиите на власт да им дадете партиски функции каде директно ќе може да настапуваат од име на партиите и каде ќе можат да дадат повеќе резултати наместо да ги вовлекувате во вакви лавиринти каде треба да бидат вклучени исклучиво личности кои се непартиски, кои имаат доволно личен углед и кредибилитет без партиски влијанија да ја вршат нивнат функција независно од квалитетите што ги имаат.

Меѓутоа, она што сакаме да го забележиме во партиското слепило односно она што не сакате вие да го забележите и во партиското слепило сепак да прогледате дека правите штета на определбата за демократија и независно судство и го нарушувате угледот на Македонија како држава.

Република Македонија е земја кандинат за членка на Европската унија која пред се се партиципира преку тоа што се случува најмногу во сверата на активностите на власта. Лично сму свесна што значи за нас ваквото однесување на власта и мојата дискусија има намера да укаже токму на одговорноста на власта дека во реализацијата на стратешките цели на државата не може да се води само тргнувајќи од партиските интереси задоволувајќи моментални политички интереси преку исполнување на предновогодишни желби на одредени личности. Дури прашање е колку е желбата на овие личности што денеска се избираат, но во немањето друга понуда мора да го изберат ова што сега им се нуди. Можеби се чувствуваат непријатно кога ја гледаат оваа дебата пред малите екрани, но нивните политички партии, партиите во кои членуваат, го прават тоа за нив. На тој начин им се реваншираат за нивните партиски активности во сите изминати години. Но, така работи ова мнозинство, тоа е работа на партиите, тука нема да навлегувам повеќе, независноста на судството е премногу сериозна работа за да прифатиме власта да се однесува на овој начин. Од денес можеме да констатираме дека може ова што се случува да биде само почеток на партизација на судството, но без можноста опозицијата да го каже својот став. Кога се вршеше изборот на судиите во Парламентот барем претставниците од опозицијата можеа да го кажат своето мислење. Со изборот на ваков состав на Судскиот совет тоа ќе биде оневозможено.

Негирањето на резултатите на претходната влада кои се евидентни, запишани во документи, е помалата штета што ја прави власта. Но, штетата што се прави сега со погрешни политички потези е многу поголема, а последиците ќе бидат многу поголеми и ќе ги чувствуваме сите, па дури и членовите од власта, од партиите на власт.

Во поглед на првата домашна задача што оваа власт ја презеде како конкретен чекор во продолжување на реформите во судството, можеме да кажеме дека падна на испитот. Велам прв конкретен чекор, бидејќи до сега за 4 месеци не видовме друг чекор на власта во поглед на продолжување на реформите во судството.

Се доцни со закони, се доцни со упатства, се доцни со сето тоа што беше зацртано во сите документи кои што ние имаме обврска да ги реализираме. Сето она што го работевме во изминатиот период на планот на градење на независно судство, со ваквото однесувања на парламентарното мнозинство, посебно со смеењето на колегите од првиот ред, од партиите

на власт, ние навистина, го доведуваме во прашање целокупниот процес и сериозноста на власта во реализацијата на овој процес. И навистина, на овој начин се загрозува промовирањето на Република Македонија како демократска држава, како држава која има политички и општествен капацитет да ги негира и да ги реализира воспоставените стандарди со земјите членки на Европската унија. Ова што се случува сега во нашата земја покажува дека ние наместо да се приближуваме кон земјите со изградена демократија од ден на ден се оддалечуваме од нив, како резултат на однесување на власта.

Можам да констатирам дека загубеното време и пропуштените можности тешко ќе може да ги надоместиме. Затоа сум и сериозно загрижена од тоа што ќе се случува во наредниот период, од тоа што ќе биде констатирано во документите што се изготвуваат и документите во кои се внесуваат оценки за состојбите во Република Македонија. Пред се, мислам на извештајот кој го изготвува Европската комисија. Затоа се плашам дека можеби овој извештај што го добивме за 2006 година, во кој има мнгу позитивни оценки за она што е направено во периодот до 5 јули, а многу негативни оценки за тоа што следеше потоа, ќе биде можеби и последниот извештај во кој има нешто позитивно. Затоа се плашам дека извештајот на Европската комисија за 2007 година ќе има само негативни оценки.

Но, господа, од парламентарното мнозинтво, од власта, ваша е одговорноста од вас зависат овие чекори, а за жал, сите граѓани ќе ги плаќаме негативностите од тоа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално повелете господине Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Вака господине претседател, бидејќи неможам повеќе да ги трпам, барам да ми се достави списокот на сите судии од Македонија кои беа членови на Комунистичката партија на Бивша Југославија, како прво и како второ, барам едномесечна пауза на Парламентот да се направи тој список. (Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. За разлика од вашите барања, моите се дупло скромни. Ги молам пратениците, особено тие што имаат повеќе јуридичка форма мендис, да го сфатат сериозно рокот. Денес е последен рок да избереме судии. Дајте ве молам да се фокусираме на темите. Јас за жал, ќе бидам присилен да го користам институтот на мојот пријател Јордановски, ако не говориме по темата да одземам збор. Зашто вака ако говориме, на 25 можеме да изгласаме, или да не изгласаме. Дајте да бидеме примерни. Мерката е во нештата. Нештата за кои дискутираме се судии, персоналитети, дајте претресете ги вредностите на тие луѓе, убедете се во вредноста и невредноста и да гласаме. Вака не може. Овие се километарски работи. Вежби од реторика, тоа е на друго место. Парламентот не е вежбална по реторика. Ве молам, имаме рок. Инаку, вака не би интервенирал.

За реплика се јави господинот Павле Трајанов, три минути.

**Павле Трајанов:** Господине претседателе, почитувани пратеници, искрено да ви кажам после процедуралната забелешка на господинот Мендух Тачи можеби мојата реплика веќе ќе биде депласирана, но сепак нешто да кажам.

Прво, сосема јасно е дека 90% односно над 90% од судиите се бирани на предлог на СДСМ во изминатите 15 или 16 години.

Ако имаме предвид дека Судскиот совет го сочинуваат 15-мина, од нив 8 се избрани од редовите на судиите, сосема јасно е дека самите судии ќе ја гарантираат самостојноста и независноста и на Судскиот совет, но и на судската власт во целина. Останатите двајца ги предлага претседателот на државата. По функција влегува министерот за правда и претседателот на Врховниот суд. Единствено, Парламентот бира тројца членови на Судскиот совет. Така да, мислам дека како резултат на уставните промени во кои што учествуваше и пратеникот Младеновска во својство на министер, дека ако не целосно, но во голема мера ја гарантира независноста и самостојноста на судската власт, јас имам едно прашање до пратениците од СДСМ. Дали тие ако беа парламентарно мнозинство и во Комисијата за избори и именувања и во Парламентот, дали тие ќе предложеа кандидати кои што досега не биле никаде политички активни или пак не биле членови на политичка партија, или пак ќе предложеа кандидати кои се блиски до нив. Или пак, уште поконкретно, дали имаат конкретен предлог од оваа листа на пријавени кандидати, дали имаат конкретен предлог да видиме кои се тие тројца кандидати што се независни, самостојни, кои што никаде не членувале, во ниту една политичка партија. Затоа што јас сум уверен дека согласно уставните промени и законот после изборот тие се деполитизираат, не можат да членуваат во политичка партија, ниту да извршуваат било каква друга политичка функција и сигурно дека тие во својата работа ќе го почитуваат Уставот и законите, односно ќе ја јакнат самостојноста ан судската власт.

Од тие причини, мислам дека можеби сите заслужуваат да бидат избрани, но сепак, ќе мора за тројца да се изјасниме. Меѓу нив е и поранешниот министер за труд и социјална политика. Познавајќи го него, ако и останатите се такви со свои политички ставови и убедувања, или ако сакате како правници, тогаш мислам дека сме на добар пат да избереме добри членови на Судскиот совет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, за контра реплика се јави Мери Младеновска-Горгиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Горгиевска:** Европа и граѓаните не оценуваат по тоа што го правиме сега, не по тоа што се случувало изминатите години. Да потсетам, заради одредени прашања што се појавувале сите изминати години, СДСМ како партија која беше на власт до пред некој месец ги покрена иницијативите за измена на Уставот и за јакнење на независноста на судската власт. Мислам дека тоа не треба да се заборави. Ние сме тие што го продолживме овој процес за јакнење на независноста на судската власт и за зголемување на ефикасноста. А што ќе направеше СДСМ ако победеше, се покажува од тоа што го направи во изминатиот период. Тука мислам дека ситуацијата е чиста. Јас само сакам да укажам дека сегашното парламентарно мнозинство сеуште смета дека е опозиција и затоа кон пратениците од опозицијата се однесува како да се уште на власт, што не е така.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има ли уште реплики?

Илија Китановски, реплика три минути.Повелете.

**Илија Китановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, значи после репликата на господинот Тачи, мислев да се откажам, затоа што навистина беше сочна и го допре сржот на мојата реплика, а тоа е дека навистина е страшна хипокризија кај сите граѓани во Република Македонија СДСМ некого да обвинува за партизација на судството.

Значи, ако некој го партизира судството во овие 15 години во Република Македонија, тоа е СДСМ. Тоа и самите тие го знаат, меѓутоа, нормално, не можат да го признаат.

Меѓутоа, сакав да кажам нешто друго. Што се однесува на однесувањето на еден друг елементи во нивното однесување сега како опозиција, забораваат дека беа власт до пред извесно време, посебно колешката Младеновска заборави дека беше креатор на овој закон, а исто така заборава дека ги отфрли сите амандмани на ВМРО-ДПМНЕ тогашни во кои што предлагавме прво бројот на судиите да биде поголем од овој што е сега утврден. Тој амандман беше отфрлен од страна на СДСМ.

Второ, предлагавме министерот за правда да не биде член на Државниот судски совет, веројатно сметајќи колешката дека постојано ќе биде министер за правда. Сега повеќе не е министер за правда и сега веројатно и тоа решение не и се допаѓа.

Сакам да укажам со оваа реплика на принципиелноста на ВМРО-ДПМНЕ и на она што како владеачка партија во овој момент го спроведува, едни уставни измени, еден проект кој што беше практично донесен од претходната Влада, од претходното владеачко мнозинство, а на кој што ВМРО-ДПМНЕ имаше бројни забелешки и тоа во насока на што поголема независност на судството и на Судскиот совет. На тоа се однесува мојата реплика. Навистина, не е добро граѓаните на Република Македонија, многу добро знаат и судиите кои во овие 15 години се вршел ваков или онаков притисок, сега вие да зборувате дека некој ќе го партизирал судството. Ќе се обидеме во овие четири години колку што е можно да го ослободиме од стегите на СДСМ и од стегите на нејзиниот идеолошки претходник СКМ или СКЈ во минатите 50 години во наредните четири години.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика госпоѓа Младеновска-Горгиевска. Повелете.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Господине Китановски, јас и сега сметам дека министерот за правда треба да биде по функција член на Судскиот совет. Тој свој став не го менувам, во зависност од мојата позиција.

Проблемот на ВМРО-ДПМНЕ е во тоа што сеуште СДСМ го гледа како партија на власт, но тоа е ваш проблем. Наша обврска е секогаш кога ќе бидеме прозивани во својство на поранешни министри да одговараме. Иако, да бидам искрена, би било многу подобро за Парламентот, доколку претставниците од позицијата не прозиваат како пратеници да го кажеме својот став, отколку како поранешни министри.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Васко Шутаров. Повелете.

**Васко Шутаров:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, од претходната дискусија на колешката Мери Младеновска-Георгиевска мал трактат за независноста на судовите. За малку и нас колегите и домашната и меѓународната јавност ќе ја убедеше дека од денес почнува партизацијата на судството. Со глас на еден поранешен министер реформатор, како што таа се нарекува, но се еден дискус на тоталитаризам и исклучивост, како што е својствено на пратениците од СДСМ, ќе ги потсетам, освен на членот 98 за независноста на судовите од Уставот уште на четири уставни одредби кои не би сакал да се наметнуваат како карактеристики на луѓето кои што денеска ги спомнуваме како кандидати за Државниот судски совет. Член 9, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Член 16 се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Член 20 на граѓаните им се гарантира слободата на здружување зарди оствраување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здружение на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Член 25 на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на

неговиот личен и семеен живот на достоинството и угледот.

Во прилог на претпоставената дискусија дека се можни квалификации за кои што овие луѓе што денес ги спомнуваме не се достојни, ќе ги замолам колегите да се воздржат од таков тон и таков начин на дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Конра реплика Мери Младеновска-Георгиевска. Повелете.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Да колеги, од денес почнува партизацијата на судството, без можност опозицијата да го каже својот став. Да направиме дистинкција од досегашните решенија кога изоборот беше во Парламентот и кога можеше опозицијата од собраниската говорница да го каже својот став. Сега со измените и тоа не може да го направи. Ние ги донесовме, стоиме зад измените, меѓутоа, не на ваков начин како што власта овозможува тие измени да се применуваат, бидејќи вие не ги почитувате измените, туку ги кршите. Го кршите и Уставот, ги кршите и законите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има ли уште реплики? (Нема)

Збор има пратеникот Трајко Вељановски. Повелете.

**Трајко Вељановски:** Ви благодарам претседателе. Прво, мислам дека на Мери Младеновска пишаниот семинарски труд беше добар. Од моја страна честитки за него, затоа што научивме многу за судството. Не знаеме ние дека треба да имаме независно судство, непартизирано судство, но од тоа што ни го кажа, мислам дека многу научивме и затоа една јавна благодарност од говорницата. За партизиран судски совет вели дека сегашниот Судски совет е партизиран. Тоа го има од Европската унија кажано во извештајот, дека Судскиот совет не треба да биде партизиран. Партизацијата, вие ја направивте господо. Партизацијата ја направивте со претседател на Републички судски совет, вашиот партиски човек Ленче Софрониевска, советник за судството, на претседателот Бранко Црвенковски. Вие ја направивте таа партизција. Партизацијата ја направивте со претседателот на Уставниот суд бивш, Лилијана Ингилизова-Ристова. Познато ви е. Таа ги спроведуваше изборите во 1998 година на ваш предлог. Партизацијата ја направивте вие со Народниот правобранител Иџет Мемети. Тие личности одеднаш не станаа партиски. Станаа стручни експерти. Не се партиски личности тие. Тие многу можат да придонесат за одредена институција каде што треба да работат, ако претходно и самите вие кажувате дека биле членови на вашата партија. Не можете вие да го оспорите тоа. И сега, додека зборуваше пратеничката Мери Младеновска, изгледа некои од стариот состав на Републичкиот судски совет, многу го жегна и им испратеи една порака. Вели прашај ја и кажи и дека 140 судии по партиски терк во овие четири години под водство на Ленче Софрониевска вие ги назначивте. Затоа имаме таков извештај дека судството ни е кочница на реформите. Дека судствот е тоа кое што треба да се департизира и да создава можности за реформи во економскиот развој. Гледате дека едно од основните работи за кои што меѓународната заедница ни преговара нас, ни преговара за судството. Тоа претставува еден од основите за кои што ние треба да работиме. Недостиг на комуникација и дијалог. Вие значи не сте запознати од вашиот координатор. Значи не ве информирал. Токму за составот на Реубличкиот судски совет и јас лично, имаше претседателот координација и сите други имаа координација и укажуваме да не дозволиме да биде блокиран составот на Судскиот совет. Да не работи како што претходно работеше со двотретински гласови кои што треба да влезе ист член. И ако денеска не ги избереме, повторно ќе си работи Судскиот совет. Со десет души ќе функционира. Само не е поентата на тоа. Нашиот предлог беше, нашата комуникација, нашиот дијалог беше со сите. Беше и со координаторот на пратеничката група на ДУИ. И со него разговаравме. И со сите други помали политички партии од другите етнички заедници. И со нив разговаравме. Кажавме да не доаѓаме во ситуација да се блокира составот на државниот судски совет.

Можеби од страна на пратеничката група на ДУИ, каде можат, според она што го гледаме, се врши блокада, имаат своја агенда, мислат дека со блокирање на формирање на некои институции ќе успеат во она што од почеток го бараат да влезат во Владата. Не со блокирање на формирање на институции, туку со покажување волја дека вие сакате да ги формирате институциите и истите да функционираат. Но од страна на опозиционата партија СДСМ не знам зошто од нивна страна толку доаѓа таа блокада на формирање на Судскиот совет. Можеби од страв дека новиот Судски совет ќе работи согласно Законот, затоа што вие ја изгубивте поддршката од судиите и се плашите дека оние судии кои самите ќе се изберат од своите редови нема да ве слушаат вас, нема да ги блокирате. Не е смешно, прашајте го вашиот советник за судство, го знаете лично по име и презиме, а многу добро го знае и пратеникот Игор Ивановски, таа се вика Ленче Софрониевска, бидејќи Игор Ивановски цело време беше во Кабинетот на Претседателот заедно со тој советник за судство.

Волја за реформи - волја за реформи ние покажуваме, но реформи не се прават со кочење од страна на некоја политичка партија, како што правите веројатно кочница на создавање, изгласување закони овде, веројатно сакате да направите кочница на формирање на институции онаму каде што можете. Само мала можност да ви се даде, вие ја искористувате и веднаш вршите кочница во смисла на формирање на институциите, за да не можат да

профункционираат одредени институции така како што треба, што на вас веројатно не ви одговара така.

Цело време зборувате за партизирани предлози кои се дадени од Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Не би сакал да одам по личности кој, што и како, иако имаме досие. Јас имам досие за еден од предлогот на претседателот Бранко Црвенковски, го имам со име и презиме, го имам со број на судски предмет, кој што направил. Но нема да одам така, нема да одам затоа што не сакаме да се доведеме во ситуација институциите да се блокираат. Тие предлози не се цвеќе за мирисање во политичка смисла, тие си имаат свои опашки. Претседателот пред два дена кажа - камо да беа вакви предлозите и за другите кандидати. Дали мислеше можеби политички обоени? Еве, јас кажувам, нашата партија ВМРО-ДПМНЕ е демохристијанска партија, во природата ни е простување. Јас лично имам такво искуство во кое вие овде кога бевте власт не го почитувавте предлогот од покојниот Борис Трајковски. Вие лично тогаш правевте театар. Еден од тие што правеа театар, што вадеше овде часови и мислеше дека на тој начин е многу смешен, излезе животот е тркало, времето за него застана од политичка страна. Вие самите му го стопиравте времето на тоа лице што овде правеше театар. Нашата понуда беше принципиелна, нашата понуда е многу прифатлива и немојте утре да кажете дека ние сакаме нешто да кочиме, ние сакаме нешто да наметнеме. Ние сакаме да се формираат институциите и да работат институциите. Тој што не сака, тој што го блокира формирањето на институциите, тој е кочничар и тој треба да одговара. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Георгиевски.

Навистина не држат зборовите на колегата дека парламентарната група или координаторот на ДУИ и ПДП се консултирал со него за овие работи. Сигурно колегата се сеќава дека јас побарав во Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања оваа точка да се симне од дневен ред, за да седнеме и да постигнеме поширок политички и етнички консензус за предлогот на кандидатите, затоа што наша проценка како парламентарна група беше дека на листата на која конкурирале има и судии кои се или не биле партиски лица, меѓутоа, имаат добра биографија како судии или адвокати. Нашиот предлог не беше прифатен, што значи ние не сме тие што го блокираат формирањето на институциите. Напротив, ова мнозинство покажува дека мнозинството го блокира формирањето на институциите со тоа што не се консултира со сите парламентарни групи како што треба. Ќе ве потсетам дека вие сте тие, значи ова мнозинство што ги блокираат комисиите на Собранието на кои претседаваат пратеници од ДУИ на албански јазик, кој јазик го гарантира и Уставот и Деловникот за работа на Собранието. Ние сме биле и ќе бидеме и понатаму како политичка партија, на крајот на краиштата ниту една политичка партија која што е присутна тука во Собранието не е основана за да не дојде на власт. Меѓутоа, господине колега или пак Трајко, нешто треба да ти биде јасно. ДУИ не побара од Трајко Вељаноски да биде во власта или не. Ние побаравме мандат од албанскиот електорат и тој мандат го добивме од нашите гласачи. Сакале вие или не да признаете, тоа е ваш проблем, доколку оваа реалност не сте ја сфатиле или и понатаму не сакате да ја сфатите одговорноста за блокирањето на основањето, на формирањето на институциите, ќе ја сноси мандатарот Груевски, а не коалицијата ДУИ-ПДП. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Трајко Вељаноски.

Повелете, една минута.

**Трајко Вељаноски:** Би сакал да бидам краток во оваа контра реплика. Мислам дека предлогот од наша страна беше до пратеничката група ДУИ-ПДП, господинот Рафис Алити во смисла да поминат предлозите што се од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и да поминат предлозите од претседателот Бранко Црвенковски. Таму има предложено Албанец по националност, што според некои сознанија е предлог на партијата ДУИ и затоа кажуваме дека не сакаме во таа смисла - беше доставен предлогот, да не биде кочењето во смисла да не се изгласаат предлозите на Комисијата за прашања на изборите и именувања и предлозите на Бранко Црвенковски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Оливер Спасовски.

Повелете, три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Колега Вељаноски, не можам воопшто да ги прифатам вашите постојани тези дека некој ве кочи да го правите она што го ветивте на граѓаните и да ја остварувате програмата. Никој тоа не го прави. Имавте време за ова, не да чекате последен момент да го донесете во Собранието. Знаевте дека тоа ќе предизвика дебата и сега повторно да ја обвинувате опозицијата - дајте да завршиме побрзо, не кочите во формирањето на институциите. Тоа е првата работа.

Втора работа, дека немало политички дијалог или разговор меѓу пратеничките групи или разговор со координаторите на пратеничките групи, тоа е апсолутно точно, тоа се покажа и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и токму заради тоа беше побарано да се одложи расправата за неколку дена, за да можеме да се усогласиме и на ефективен начин да ја формираме оваа институција.

Инаку, ако ги согледувате работите дека до сега некој грешел и правел партизација на судството, повелете, сега ви е шансата да докажете дека сакате да направите независно судство со експерти во правото, кои ќе донесат квалитетни луѓе за судии и да го направиме судството онака како што бара Европската унија. Ако самите кажувате дека судството е кочница во европските перспективи, па кој е тогаш кочничар на европската перспектива на Република Македонија, освен ако не ДПМНЕ и неговите коалициони партнери. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, има збор пратеникот Александар Николовски.

Повелете, три минути.

**Александар Николовски:** Мислам дека е непријатно 4 години да имаме иста процедурална реакција, па би го замолил колегата да неословува онака како што се викаме, заради тоа што ние не ги викаме ни СДС, ни Сојуз на комунисти и никако поинаку, освен СДСМ, односно Социјал-демократски сојуз. Нашето име е ВМРО-ДПМНЕ односно ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство и барам тоа да се почитува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

И јас барам тоа да се почитува од сите партии од сите деноминации.

Контра реплика од една минута за пратеникот Трајко Вељаноски.

Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во однос на процедурата зошто токму денес е стигнат предлогот: затоа што колега Оливер Спасовски, знаете вие дека согласно Законот оглас имаше 15 дена за да можат да се пријават кандидатите и врз основа на пријавените кандидати требаше Комисијата да достави предлог до Собранието. Тоа го направи навремено, затоа што претходно до вас како член на таа Комисија и до другите беше оставено доволно време од 7 дена да ги разгледате сите предлози. А дека претседателот Бранко Црвенковски бараше прво да поминат и да види кои личности поминале на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, па потоа да достави предлог, тоа треба да го прашате него, затоа што веројатно тој чекаше дали вашиот предлог Абдулселам Канзоски ќе помине на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за да предложи некој, а откако не помина, тогаш тој го предложи вашиот кандидат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Игор Ивановски.

Повелете, три минути.

**Игор Ивановски:** Претседателе, за жал немаше да имаме ваква расправа да имавме поинакви предлози, но тоа не е случај, и она што сакам да го кажам по оваа точка ќе го кажам во мојата расправа, а сега во овие три минути сакам да кажам само две работи, а тоа е дека СДСМ имаше доблест да констатира дека на судството му требаат длабоки реформи и СДСМ во изминативе 4 години ги започна и во добар дел ги спроведе крупните реформи во судството. Впрочем, да сакаше како што велите вие, да биде соучесник во нешто поинаку, тоа немаше да го направи. Не, направивме сосема спротивно и ќе ви дадам многу примери за тоа како и на кој начин СДСМ се бореше против партизирано судство, ама ќе ви дадам во овој момент само еден. Има ли подобар доказ дека СДСМ не дозволи да се партизира судството кога вас почитуван господине Вељаноски не ве поддржа по предлогот на покојниот претседател Трајковски. Нема подобар доказа дека се боревме против партизирано судство кога не се согласивме вие да бидете член во тоа време на Републичкиот судски совет. Тоа не е непочитување господине Вељаноски на покојниот претседател Трајковски. За тоа како СДСМ го почитуваше господинот Трајковски знае целокупната јавност и целосно го почитуваме неговото работење. Не се откажа СДСМ од поранешниот претседател Трајковски, се откажа ВМРО-ДПМНЕ и тоа нека ви служи на чест.

И на крајот, можете јавно да прозивате луѓе што не се присутни во оваа сала. Тоа впрочем го правите 15 години и тука верувајте не можам никако да ви помогнам, тука не можам ни политички да ви помогнам, за тоа ви треба малку поинаква стручна помош која не можете да ја барате во оваа зграда. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи пратеникот Игор Ивановски сака вака да се гледаме, затоа излегов тука на говорница.

Точно, не дозволивте тој предлог да помине, ама дозволивте вашиот ментор за судството Ленче Софрониевска да помине. Дали е точно? Јас преска ве прозвав да кажете дали е точно или не колку пати сте седеле во Кабинетот на Претседателот Бранко Црвенковски заедно со Ленче Софрониевска и сте кроеле некои судски работи кои не треба да бидат. Кажете го тоа јавно, речете да или не. Ако речете не, ќе ви веруваме. Но имајте храброст да кажете да.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза за ручек.

(Паузата отпочна во 14,03 часот)

По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Макрадули Јани, три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

За жал и оваа денешна расправа покажува дека вистински бил напорот, со реформите во судството успееме, да ги извлечеме изборот на судиите од Собранието и тоа да го препуштиме на стручните и компетентните лица. Мислам дека не треба да заборавиме дека едно од барањата на европската комисија на што успеавме во минатиот состав да одговориме и да постигнеме, тоа беа реформите во судскиот систем и тоа е позитивно оценето. За жал многу сум имал дилеми лични во себе кога имало разни предлози за разрешување или заминување овде во Собранието, бидејќи повеќето од нас не сме стручни или не ги познаваме личностите кои што доаѓаат овде како кандидати. За жал денес праксата се повторува да не зборуваме за квалитетите на поединците, парламентарното мнозинство нема храброст да пофали некој од кандидатите, да каже еве овој кандидат завршил за толку и толку години, има висок просек на пример, туку се обидува повторно СДСМ да се обвини дека за се она што се случувало во 15 години во Република Македонија, од времето, како некој градинарски производи растеле итн, итн.

Факт е дека немало дијалог за членовите кои се предложени од Комисијата за избори и именувања. Не може Собранието да дискутира за предлозите на претседателот. Собранието може да договара, преговара, разговара само за оние што се именувани од Комисијата за избори и именувања. За жал тоа го немаше и мислам дека тука не е точно што беше кажано од Трајко Вељаноски. Во услови кога немаме афирмативен настап кон кандидатите што ги предложила Комисијата за избори и именувања каде што сакаме да замижиме пред фактот дека некој бил потпретседател на некој општински комитет, дека некој бил министер во политичка влада, се обидуваме повторно со етикетирања, невистини да направиме или да фрлиме магла на оваа расправа и затоа СДСМ е оштро против. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Господинот Јани Макрадули не кажа ништо ново од она што од нивната пратеничка група го има кажано.

Сите предложени кандидати од Комисијата за избори и именувања, имаат своја биографија. Вие на ниеден од нив не се осврнавте, да кажете за нивната нестручност, несоодветност. Генерално вие укажувавте дека ќе биде партизиран Судскиот совет, со предлозите од Комисијата за прашања на избори и именувања.

По однос на прашањето што од моја страна беше поставено до одредени пратеници и самиот Јани Макрадули може да потврди дека од наша страна имаше заложба да не дојде до блокада за избор на составот на Републичкиот судски совет и молба беше сите овие кандидати предложени од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и предложени од претседателот Бранко Црвенковски, да поминат за да може да се формира Републичкиот судски совет.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има реплика пратеничката Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Во овој момент нема да зборувам за кандидатите. Моето мислење ќе го искажам во дебатата понатаму. Меѓутоа, сакам да реагирам на една работа искажана од почитуваниот колега Вељаноски и на сите пратеници од парламентарното мнозинство.

После секоја наша дискусија не обвинувате дека ние ги кочиме реформите.

Почитувани колеги, јас не сметам дека со мојата пет минутна дискусија ќе ги кочам реформите во Република Македонија и ќе и оневозможам на Владата која деноноќно работи, тие реформи да ги спроведува. Опозицијата е тука да биде коректор на власта и токму поради тоа и овде постоиме, токму заради тоа сме овде да ви укажуваме каде грешите, да ги следиме законите, да говориме во насока на подобрување на тие закони, а вие ако сакате да имате опозиција која ќе биде присутна тука за да ви прави кворум, како што во моментот гледам половина од парламентарното мнозинство го нема и притоа молчешкум да поминува, за сите ваши предлози да нема никакво мислење и на крај, без разлика како ќе гласа, затоа што за гласање ќе обезбедите мнозинство, тоа навистина никаде го нема и не е добро за Република Македонија да биде така. Токму поради тоа ве замолувам во иднина немојте после секоја наша дискусија да не обвинувате дека ние сме виновни и ги кочиме процесите на Република Македонија и токму дека поради нас не може да се постигнат реформи.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута, Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Пратеничката Роза Топузова Каревска нека знае дека тие можат да ги укочат донекаде реформите. Инаку, тие и без нив ќе продолжат и реформите ќе дадат свои резултати.

Јас кажав дека добрата волја на мнозинството ја покажуваме во однос на целокупниот предложен состав, тројца кандидати од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, двајца од претседателот на државата. Добрата волја на мнозинството ќе биде да се изгласаат сите, а дали има волја да се состави тој Државен судски совет, се покажа од гласањето од страна на опозицијата, затоа што знаеме дека при гласањето е потребно Бадинтеровото мнозинство.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Одиме понатаму.

Има збор пратеникот Никола Рилковски, повелете.

**Никола Рилковски:** Почитуван потпретседателе почитуван министер за правда, почитувани колеги пратеници,

Јас со мојата дискусија ќе се приклучам кон претходните дискутанти и ги поддржувам во нивните дискусии бидејќи денес кога говориме за сосатавот на Судскиот совет, гледаме дека ни се нудат кандидати кои биле или се партиски обоени, или се во функција на партиите од владеачкото мнозинство. Со тоа актуелната власт се потврдува и во овој сегмент дека работите ги врши само декларативно, а не суштински. Наместо формирањето на новиот судски совет да биде можност за решавачка промена кон судството, кон кое постои најголемата недоверба кај граѓаните, сериозни забелешки и укажувања од меѓународниот фактор, вие нудите спротивно. Многу прозаични и канкулантски се вашите намери и желбата по секоја цена да имате мнозинство од свои луѓе односно да имате превласт во ова судско тело кое ќе ги решава најважните работи со делењето на правдата во државата. Со ова ништо не чините од она што го прокламиравте како ваша заложба за реформирање на судството, вадење на истото од поткупливоста, зависноста од одредени моќни структури и негова департизација. Напротив, со ваквата понуда на вашите кандидати за членови во Судскиот совет, вие и понатаму ја продлабочувате политизацијата и партизацијата во судството, со што потврдувате дека не сакате да се откажете од влијанието врз него. Наместо со вистински заложби и прави реформски потези да покажете дека се стремите државата да ја водите по патот до портите на Европа, вие со вашите вакви постапки, не оковувате овде каде што сме. Затоа предлагам да се повлечат овие предлози за кандидати во Судскиот совет, седнете и најдете, бидејќи има кандидати со чист, морален, стручен и аполитичен кредибилитет. Ова го предлагам, бидејќи со овој ваш потез Република Македонија ќе добие уште еден добар минус во оценувањето на заложбите за европското интегрирање, што ќе биде наш заеднички пораз во настојувањата да добиеме самостојна и независна судска власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплиак се јави господинот Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас со внимание ја следам денешната расправа во која апсолутно доминантна улога, барем по времето што го заземаат, имаат дискутантите од опозицијата, што за мене апсолутно не е штетно, посебно кога ќе се употребуваат аргументи во дебатата. Меѓутоа, во овој случај имаме присуство на многу навреди и лични дисквалификации на предложените кандидати, без да се навлезе во нивната професионална биографија и без да се детерминираат точно позитивните елементи кои ги има во биографиите од кандидатите.

Јас се јавив за реплика на претходниот дискутант поради тоа што тој се обиде да наметне една теза која е многу штетна за државата и апсолутно невистинита, а тоа е дека некој се обидува да има мнозинство од свои луѓе во органот во кој денес бираме тројца членови. Значи јас би го потсетил господинот Рилковски дека пред еден месец се одржаа избори во рамките на судовите во Република Македонија, при што самите судии избраа осум членови на Државниот судски совет кои веќе се негови членови и тие се мнозинство во Судскиот совет, плус тука е министерот за правда и претседателот на Врховниот суд. Така што импутацијата на оваа теза која е опасна, мислам дека е апсолутно невистина.

Јас би сакал уште неколку работи да додадам, а тоа е дека СДСМ, очигледно немајќи поддршка од граѓаните на Република Македонија и не наоѓајќи излез како да се поврати во живот, се обидува со разно разни сценарија да ги закочи процесите во Република Македонија, преку кочничарење, преку поставување на блокади, секаде каде што и најмалку може да се направат тие блокади. Сметам дека е фер од наша страна да предупредиме дека таквиот стил на работа и таквата матрица СДСМ до сега ја имаше, меѓутоа поради таквиот начин на работи ги изгубија изборите. Значи, јас сум среќен ако СДСМ продолжи така од аспект на партија, меѓутоа сум несреќен од аспект на граѓанин на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Рилковски имате контра реплика?

**Никола Рилковски:** Не.

**Бесим Догани:** Збор има пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потретседателе.

Како и за многу други теми во овие неколку месеци од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери, препознатлива е една работа. Значи, станува одлика зборот партизација на државните институции и тоа онаа партизација што не потсеќа на претходниот мандат од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, од 1998-2002 година. Значи ништо не е променето, туку само се продолжува со продлабочувањето на партизацијата на институциите и на нивното седнување. Со тоа губиме сите, нема во догледно време власта да извлече корист од тоа, мислејќи дека поставува свои блиску луѓе, па дури и роднини. Мислам дека тоа е политика на Владата и на ВМРО-ДПМНЕ, на краток рок, кое набрзо ќе биде прозрана и прочитана од граѓаните на Република Македонија.

Така и во однос на денешната точка од дневниот ред за избор на членови на Републичкиот судски совет. Сметам дека овде се работи дури и за нешто уште пострашно од партизација.

Она што го најавив во моето прво говорење по оваа точка, утрово, беше коментарот дека на Комисијата за избори и именувања која ги утврдува и која ги дава предлозите до Собранието, значи овие три предлози за кои ние денес расправаме на пленарна седница, дека всушност помеѓу трите коалициони партнери на Владата, ВМРО-ДПМНЕ, НСДП и ДПА на самата Комисија предложиле по еден свој фаворит, или по еден свој кандидат. Можеби е тоа една од причините поради која Комисијата односно претседателот на Комисијата, господинот Вељаноски, во својство на предлагач не сакаше да одговори на нашето барање, покрај предлогот и покрај неговото образложение кое содржи само технички карактеристики за начинот, постапката и критериуми кои се потребни за избор, да не бидат наведени и оние критериуми од кои се раководела Комисијата, бидејќи таму имаше пријавено повеќе од 35 кандидати, кои како што реков и минатиот пат имаат солидни и богати биографии. Меѓутоа собраниската комисија мора да појде од некои критериуми и да образложи врз основа на што ние ќе дискутираме, да изнесе аргументи, да видиме на кои кандидати и врз основа на кои карактеристики, критериуми поклонила доверба и затоа заслужиле да бидат три од избраните 35, 36 номинирани кандидати. Тоа не се случи, наместо тоа од претседателот на Комисијата добивме одговор затоа што така сакала Комисијата одлучила. Меѓутоа за жал уште веднаш јас ќе повторам тоа е резултат и манифестација на ароганцијата и апсолутизмот на однесувањето не само на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека ова не е реформа дека Владата во многу сегменти навидум глуми некои реформи потоа ги става во една медиумска обланда, маркетиншка обланда, да мислиме дека навистина нешто се случува во Република Македонија и навистина да го откриеме она што не го знаеме дека работите одат кон подобро и дека на сите нас ни е поубаво со новата власт. Се разбира и таа пропаганда е од краток рок и мислам дека ако Владата не се зафати со вистински реформи како што го најави и го сублимираше после истекот на 100 дена дека започнале ова, дека започнале она. Сето тоа што е започнато ќе мора да се реализира, да се спроведе, да се имплементира. Засега немаме такви конкретни чекори од страна на Владата. Засега имаме само уште ветувања и уште одржување на нејзиниот рејтинг на база на пост изборната еуфорија. Мислам дека конечно треба да престанат одбраначките дискусии на пратениците на владеачкото мнозинство дека кога ние сме биле на власт било вака или било онака. Вие треба да бидете подобри од нас и затоа победивте на изборите и тоа треба да го докажете. Како што сте тргнале по се изгледа многу брзо ќе ви се сруши рејтингот и ќе ја изгубите довербата. Меѓутоа кога се работи за институциите како што е Судскиот совет кој не е суд, меѓутоа одлучува за работата на судиите, одлучува за нивните постапки, за нивната стручност, одлучува за нивната одговорност, како мислите дека како Влада која најавувавте како приоритет борба против криминал и корупцијата, како мислите дека со една ваква партизирана институција што предлагате вакви кадровски решенија да ги остварите овие приоритети. Мислам дека тоа ќе биде лошо не само за вас како Влада, туку ќе не повлече надолу сите заедно и опозицијата и ние ќе тонеме со вас и граѓаните заедно што на долг рок е штетно за Република Македонија и тогаш повеќе нема да можете да говорите дека минатата Влада била виновна за корупцојата затоа што ќе останете заковани на 105-то место на скалата за корумпирана држава. Мислам дека со ваквите предлози, со овие три предлози што се доставени до Собранието како можни кандидати за членови на Судскиот совет, ова е само пуста желба за реформи, дека ова претставува само една фарса и едно нереално ветување. Мислам дека вака нема да ги зајакнете институциите, затоа што поставувајќи партиски кадри, сигурно дека ќе се присетите на вашите обвинувања кога вие бевте опозиција, како тоа изгледаше кога имавте забелешки на некои решенија за кои, сигурно и сте имале право да ги критикувате. Меѓутоа, сега немате право да ги повторувате истите грешки. Испаѓа дека го менувате својот аршин во зависност од тоа кога сте на власт и кога сте опозиција. Тоа е популистички начин на владеење и тоа не е добро за Република Македонија, што вие, наместо да и го подобрите, ќе и го намалите.

Со вакви партиски кадри во Судскиот совет мислам дека нема да можете да остварите неселективен пристап, што е многу битно. Не само онаа шминка дека нешто се случува и дека некои биле обвинети или уапсени или затворени. Треба да се види, прво треба да се почитува презункцијата на невиност, треба да се спроведе законска постапка, треба да се изведат докази.

За сето тоа, за работата на судиите и судовите одлучуваат членовите на Судскиот совет. Каков пример ќе им дадете на судиите од Судскиот совет со партиски војници и дали тоа ќе биде гаранција дека тие партиски војници во Судскиот совет, во моментот кога ќе бидат избрани, ќе ја заборават својата поранешна партиска припадност или било каква друга блискост или поврзаност со своите партиски ментори што ги предложиле? Дали тие ќе бидат во состојба и со кој легитимитет да демонстрираат во Република Македонија независност на институција? Дали тие ќе бидат синоним за независна институција, за една ваква независна институција, Судскиот совет и дали тие ќе можат да бидат способни да бидат непристрасни?

Мора еднаш да се ослободите од тие партиски стеги, затоа што, можеби, со тоа ќе создадете своја сигурност во владеењето и спроведувањето во вашето одржување на власта за понатаму, меѓутоа на долг рок ќе и наштетите на Република Македонија. Доколку се обидете да ги елиминирате партиските кадри, да предложите понезависни експерти, понезависни угледни правници кои во Република Македонија ги има многу, кои ќе немаат должничко-доверителски односи со партиите на еден или друг начин, кои ќе немаат допирни точки со политиката, тогаш ќе имате многу поголем углед во јавноста и кај граѓаните.

Тоа е вистински пристап, тоа е вистинско прашање, тоа е предуслов за искрен пристап во борбата против корупцијата. Инаку, јас не знам како, на пример, ќе постапува и како овие нови кандидати во Судскиот совет ќе постапуваат со еден случај на избран судија во Врховниот суд на Република Македонија и тоа уште во претходниот мандат на водењето на ВМРО-ДПМНЕ, со ниту еден ден стаж судиско искуство, избран директно од Врховниот суд на Република Македонија. Тоа е пропуст и на досегашниот Судски совет што не го разгледал тоа прашање, со што процедурата е нарушена, затоа што на незаконит начин е избран од тогашното парламентарно мнозинство што го предводеше ВМРО-ДПМНЕ и дали овој Судски совет ќе смогни сили да на сопствен пример покаже дека е навистина независен. Тогаш можеби и ќе можеме да веруваме дека ваквите партиски војници, што ги предлагате денеска, ќе работат во функција на зајакнување на институциите и во функција на владеење на правото и почитување на законите, правната држава и правната сигурност воопшто на граѓаните, преку работата на судскиот систем.

Ако услов за избор на судија на Врховен суд кандидатот да има 10 години судско искуство, еден од сегашните судии на Врховниот суд е избран без ниту еден ден судско искуство, во времето кога претседател на тогашниот Републички судски совет беше токму партиски кадар пар екселанс, на ВМРО-ДПМНЕ, кој беше и потпретседател на Собранието.

Значи, историјата се повторува кога е во прашање ВМРО-ДПМНЕ и неговиот однос кон институциите. Сметам дека еуфоријата од 5 јули не ви дава за право на ваков начин да се однесувате и да ги приграбувате, не да ги партизирате, туку да ги приватизирате институциите.

Сметам дека она што го говореше тогашниот мандатар, сегашен премиер Никола Груевски, апсолутно не соодветствува со она што во практиката сега го прави. Веројатно во ВМРО-ДПМНЕ и самиот нивни премиер опиени од победата, полека преоѓаат во еден апсолутистички начин на однесување, кога се во прашање државните институции на Република Македонија. Класичен пример е токму ова што денеска се случува со предложените кандидати и нивниот партиски бег граунд, кандидати за Судскиот совет. Исто така имавме и при изборот на Владата, тогаш говоревме, да не се навраќам на тие теми, само како пример, имавме обратен случај кога некои луѓе се претставувале дека се независни, одеднаш со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ, претходно биле независни, потоа добиваат партиски, политички функции. Ова не е единствен пример и треба сериозно добро да се замислите за толку кратко време како успеавте да ги инсталирате своите партиски луѓе во институциите. И не само партиски, блиски луѓе. Се оди до таму да се поставуваат дури и роднини по една или по друга основа.

Мислам дека со ова, за жал, се покажува вистинското лице на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека амбициите на новата власт, не само кај оваа институција, Судскиот совет, навистина отидоа предалеку. Се иницираа уставни реформи за промена на името на Народната банка, за промена на системот на задолжителното образование, средно итн.. . .

(Реакции во сала)

**Бесим Догани:** Ве молам.

**Борис Кондарко:** Се извинувам почитуван потпретседателе, бидејќи добиваме интервенции од пратениците во салата . . .

**Бесим Догани:** Бидејќи треба да го разграничите вашиот говор на темата, а тоа е претрес по темата Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија. Повелете.

**Борис Кондарко:** Господине Догани, мислам дека пред да седнете, вашите претходници, господинот Георгиевски и потпретседателот Анастасовски дозволија и на претходните дискутанти и од позицијата и од опозицијата да водат една поширока политичка дебата, бидејќи се работи за институција каква што е Судскиот совет на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Во ред, во ред повелете.

**Борис Кондарко:** Од една страна само да образложам зошто на овој начин дискутирам, од една страна се вели дека не треба да дискутираме доколку имаме негативно мислење за одредени кандидати предложени овде за Судскиот совет, затоа што тие не се присутни овде и немаат шанси да ги кажат спротивните аргументи. Меѓутоа, од друга страна ако ние сметаме дека нема позитивни аргументи, сакаме да го задржиме нивото и не сакаме да се спуштиме на тоа ниво да кажуваме негативни работи. Сепак, Собранието е надлежно, во крајна инстанца да ги избере овие три кандидати.

И, ако Уставот ни го дал тоа право да ние како пратеници ги гласаме и ги бираме, тогаш морате да ни го дадете тоа демократско право на дебата малку пошироко да ги анализираме работите, а повод за тоа да бидат предложените кандидати за кои тврдиме дека се партиски, а повисок интерес

да биде Судскиот совет како една од најзначајните институции во Република Македонија која се грижи за работата на третата независна власт. Значи длабоки се причините за една ваква дискусија.

Бидејќи ова беше крајот само сакав да дадам образложение зошто на ваков начин дискутиравме. Да не бидеме погрешно сфатени и да ве замолам секогаш кога нема аргументи од другата страна да се обидувате да за зачуткувате на овој начин опозицијата криејќи се зад формата.

На крајот, како што реков беа иницирани од оваа Влада промени на Уставот. Имаме сознанија дека се заговараат и промени на Уставот каде што би се ставиле на дневен ред дополнително во оваа фаза кога се веќе почнати, за некои други теми промените на Уставот и каде што со тие промени би се овозможило на премиерот да му се даде право да го распушта Собранието. Се шпекулира, се заговара, меѓутоа не знам на што ќе излезе работата.

(Реакции од пратениците)

Тема е, сега ќе ви кажам зошто и со тоа ќе завршам.

Тема е затоа што покрај тие промени на Уставот каде што премиерот сака да го распушта Собранието, каде што сакате да донесете закон да славиме партиски празници итн. На крајот можеби на премиерот најмногу ќе му прилега онаа реченица на Луј 14, “Државата тоа сум јас”. Тоа сака да го направи и со Судскиот совет овој пат. Затоа тоа го говориме и ние поради тие причини нема да ја дадеме поддршката на овие кандидати што ги предложи Собраниската комисија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јавија Вељановски Трајко, Димовски Илија, Дерковски Оливер и Николовски Александар.

Одиме по овој ред.

Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Не знам колку пати треба да му повторувам на пратеникот Борис Кондарко.

Комисијата, кога ги утврдуваше овие тројца кандидати се водеше од предлозите на членови кои се во Комисијата врз основа на биографиите. Вам, пратенику, Борис Кондарко, ви се доставени биографиите. Вие мнoжете да ги прочитате. Нормално, ваше право е дали ќе ги прочитате. Не само вам, туку на сите други пратеници им се доставени биографиите и тоа беше основна водилка при гласањето кој да биде предложен за член на Државниот судски совет.

Гледам, многу држите предавање за партизираност на Судскиот совет. Дали вие, можеби се сеќавате, кога го менувавте Законот за судски совет, само да им го скратите мандатот на претходниот состав на Републичкиот судски совет. Еднаш не ви помина овде, имавте критики од Меѓународната организација, од организации, сериозни критики за Законот за републички судски совет, каде внесовте старосна граница за престанок на мандатот на членовите. По вториот пат, затоа што сериозно сакавте судството да го земете во свои раце, го сменивте Законот за републичку судски совет, внесовте една алинеја во тој член со старосна граница за да поставите свои партиски луѓе како што е Ленче Софрониевска. Колку пати ќе ви повторуваме, зарем попартизиран човек внатре во судството од вашиот предлог, кој беше и уште е претседател на РСС Ленче Софрониевска, зарем вие можете да кажувате?!

Да се потсетиме малку дека имаше за професори од Правен факултет за членови на Уставен суд, вие, затоа што не се од вашиот партиски тефтер, не го прифативте тој предлог. И, корумпирана држава? Вие не доведовте на 105-то место. Подоле не можеше. Подоле не можеше од вие што ја доведовте Република Македонија.

Дека правиме реформи, правиме. На пример, нема како што имаше во ваше време родител, татко на еден пратеник да ги застапува “Службен весник”, ПУИГ, ќерка на некој претседател на Републички совет да застапува еден куп јавни претпријатија и да се заканува на одредени судии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали сакате контра реплика? (Не)

Продолжуваме со реплики. На ред е Димовски Илија. Повелете.

**Илија Димовски:** Очигледно оваа тема стана дегутантна за дискусија денеска, меѓутоа поради тоа што опозицијата упорно настојува да направи дека нешто не знам колку чудно се случува во Република Македонија и ние сме принудени да даваме одговори на вашите неточни обвинувања, јас се надевам дека Уставот и законите на Република Македонија на колегата Кондарко му се сосема јасни, поради тоа што се прецизни процедурите за избор на членови на Државниот судски совет.

Колега Кондарко, осум членови се бираат од редот на судиите, ги бираат самите судии. Претседателот на Врховниот суд по функција е член на ДСС и министерот за правда. Пет други членови бира Собранието од кои тројца на предлог на Комисијата за избор и именување и двајца на предлог на Претседателот.

Комисијата за избор и именување ја објасни својата процедура многу прецизно и многу јасно. Пристигнати пет-шест кандидати по конкурс, поделени биографии на сите пратеници, гласано со конкретни резултати, изгласание се овие три предлози.

Меѓутоа, повторно ќе кажам дека, напаѓајќи ја процедурата вие имате друга задна намера, но тоа е ваша работа. Не би се согласил со обвинувањата дека ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери вршат партизација во

Република Македонија. Би ве потсетил дека за прв пат во Република Македонија, на многу клучни позиции како Царина, како Фонд за здравство и како финансиска полиција се поставени луѓе кои немаат никаков партиски бегранд што напротив се професионалци, ја докажале својата работа во минатото токму на овие професии. Таква доблест СДС очигледно немаше, ставајќи своите членови од претседателството на СДСМ директори на Царина, на Фондот за здравство итн. итн.

Малку е некултурно кога објаснувате зошто некого прифаќате, зошто некого не прифаќате. Пред неколку дена имавте доблест да не прифатите академици во МАНУ, врвни професори од факултетите во Република Македонија само поради тоа што не припаѓаат на вашата идеолошка ориентација. Имавте доблест поради тоа што вам таква ви е матрицата , секој кој не е СДС нема право на ништо во оваа држава. Времињата ќе се менуваат, се изменија и се повеќе ќе бидат променети.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Дерковски Оливер, повелете.

**Оливер Дерковски:** Благодарам потпретседателе,

Јас нема да се повторувам со моите колеги Трајко Вељановски и Илија Димовски да му објаснува на колегата Кондарко каква е процедурата за избор на членови на РСС. Само се надевам дека граѓаните на Република Македонија внимателно го слушаа и го гледаа додека говореше и додека ни ги делеше советите како треба да владееме, односно политички да се однесуваме во нашата држава. Му благодарам за тие совети. Меѓутоа, исто така можам да му порачам дека нема да ги прифатиме советите, затоа што тие совети не се добри за граѓаните на оваа држава. Ако е толку добар советник, во неговата партија да ги делеше овие совети, сигурно ќе победеа на минатите избори.

Исто така, многу е нефер од негова страна да излегува и да говори на оваа говорница, практично да го навредува народот на Република Македонија, сметајќи дека има кратко паметење. Затоа што тој беше составен дел на истата власт што само пред неколку месеци ги загуби изборите и што сега се наоѓа во опозиција.

Знам дека е тешко да се биде опозиционер, меѓутоа ќе мора да ја прифати таквата ситуација. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата.

Денеска имаме чест да го избереме новиот судски совет односно членовите на новиот судски совет. Целата македонска ја јавност очекува нашата зрела демократија да ја покажеме во овој парламентарен дом, да избереме членови на овој независен судски совет не по партиска припадност, туку по квалитет.

За жал, од Комисијата за избори и именувања или од владеачкото мнозинство веќе е направен избор на членови. За членови на судскиот совет ги предложиле адвокатите Лина Петровска од Скопје, Звонко Богдан од Куманово и Бедредин Ибраими од Тетово. Ова навистина се звучни имиња, но луѓе под целосна партиска контрола. Можеби во нив има квалитет. Читајќи ги нивните биографии кои се доста оскудни не можеме да навлегуваме во нивниот квалитет и да зборуваме, но сепак бидејќи се луѓе кои припаѓаат на политички партии еден член на ВМРО-ДПМНЕ, друг на ДПА, трет на НСДП, добар тандем стокмиле за работа судскиот совет.

Вака не се прави независно судство. За да се спроведат темелни реформи во судството за членови на судскиот совет ни се потребни луѓе во чии биографии препознаваме стручност, искуство во судството, обвинителството, луѓе без партиска контрола, луѓе кои не се членови во политички партии, луѓе со чесност и углед, луѓе без дамки на своето лице, луѓе кои биле или дел од нив што биле веќе членови на судскиот совет и ги знаат состојбите.

Јас не велам дека вакви карактеристики нема кај овие луѓе, лично не ги познавам затоа не сакам да зборувам поодделно за нив, но сепак тоа се луѓе под партиска контрола.

Се работи за многу сериозна работа, нема пазарења. Мислам дека квалитетот требало да биде критериум кој ќе ги донесе најдобрите. Само најдобрите да бидат членови во судскиот совет. Зарем разрешената судијка Петровска е најдобрата? Тоа не можеме да го потврдиме затоа што не знаеме. Богдан е член во тесното раководство на партијата. Господинот Ибраими поранешен министер на ДПА, затоа ве замолувам од толку силни, способни, разумни квалитетни луѓе судии веројатно ова е најдобриот избор. Со вакви партиски луѓе нема темели и реформи во судството. Вака не се прави независно судство. Нема демократија во Македонија, а штом нема демократија нема влегување во Европската унија. Само независно судство може да не води напред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Катерина Димеска. повелете.

**Катерина Димеска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Искрено да кажам немав намера да се јавувам, меѓутоа сакам да потенцирам само една мисла на почитуваната колешка која се повтори со претходните дискутанти со зборовите: “лично не ги познавам кандидатите предложени за Републичкиот судски совет, но ова се сепак луѓе по партиска линија”. Не почитувани колеги, јас во целост го демантирам ова нејзино искажување.

Една работа да кажам дека од претставниците на опозицијата кои до сега се јавија за дискусија немаше говорник кој не спомна дека се врши партизација на кандидатите претставници во Републичкиот совет кои денеска треба да ги избереме. Сакам да прашам дали кандидатите кои се предложени од Претседателот Бранко Црвенковски тоа се кандидатите Ментор Ќоку и Абдулселман Канзоски се партиски личности. Меѓутоа, повеќе ќе дискутирам по ова прашање кога ќе ги разгледуваме.

Да потенцирам да не заборават почитуваните колеги дека за прв пат овој пат претставниците кои ги бираат судиите ги бираа со гласање. Дали почитувани колеги од опозицијата ова не е чекор понапред во одење во насока на департизација на судството. Значи, самите судии со свое гласање се изјаснија кои кандидати ќе бидат претставници во Републичкиот судски совет.

Друго, тројцата кандидати кои денеска ги имаме пред нас ја поминаа легалната постапка преку Комисијата за избори и именувања, имаше гласање и врз база на тоа гласање денеска ги имаме овие тројца кандидати на кои треба да им дадеме поддршка и да бидат претставници во Републичкиот судски совет.

Сакам јавноста да знае дека овде за секое прашање, па и денес кога имаме избор на претставници во Републичкиот судски совет се негира она што е предлог на власта, она што оди во насока на подобрување на работата на сите институции, па дури Републичкиот судски совет. Демантирам дека предложените кандидати се претставници на политички партии, тоа еднаш треба да го сфати опозицијата и пак ќе потенцирам без разлика на нивните реакции нека не ги кочат реформите, како што кажа почитуваниот колега Трајко, без разлика на тоа дали ќе дадат поддршка или не реформите во оваа држава и оваа Влада ќе ги тера и ќе одат во насока каде треба да одат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута за пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Мислам дека нема што да и одговорам на колешката, таа заборави одамна кога беше по партиска функција каква функција вршеше 1998 година, да не потсетувам и да не одам далеку од темата овде во Парламентот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претресот.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Еве јас ќе се обидам колку може пократко да го образложам ставот на пратеничката група на ЛДП и со тоа да дадам, со моето кратско обраќање, придонес во забрзаните реформи кои ги спроведува наводно оваа Влада, а во спротивно да не бидам кочничар затоа што навистина после вакви дискусии по секоја моја дискусија иако тоа го правам најдобронамерно конструктивно укажувајќи на некои работи, имам грижа на совеста дека токму јас сум таа и моите колеги од опозицијата кои ќе ги, не дај Боже, закочат реформите и со тоа успорат патот кон Европската унија.

Почитувани колеги, беше општа констатација, без разлика на политичките партии, дали припаѓаат на парламентарното мнозинство и опозицијата дека навистина ни се потребни реформи во судството. Тие реформи, пред се, требаше да бидат насочени кон подигање на степенот на независност се со една единствена цел да можат да се справиме со напластените проблеми во судството со години како што се корупцијата, неефикасноста во судството, долги процеси кои траат со години и секако што е најважно овие реформи беа неопходни затоа што така е секаде во Европа, а ние се стремиме нашето законодавство да го усогласиме со европското.

Токму поради тоа се пристапи кон донесување на уставните амандмани и на 7 декември 2005 година беа донесени 11 амандмани во насока на независното судство. Од сите тие 11 можеби најдолго се дебатираше, затоа што е многу суштински, за амандманот 28 кој се однесува на конституирањето на судскиот совет од колку членови треба да биде содржан и начинот како тие да се бираат. Тогаш ние укажувавме дека судиите осумте члена кои судиите ќе ги бираат од своите редови е добра работа и води кон тоа да имаме што е можно понезависен судски совет. За жал, тогашната опозиција, а сега парламентарното мнозинство не ги гласаше овие амандмани, не даде поддрка на ниту еден, а сега не убедува со часови дека токму тоа, токму тие осум судии кои самите се избираат ја гарантираат независноста на судскиот совет. Ова го потенцирам не затоа што не мислам така, туку затоа што сакам да ја истакнам хипокризијата што говориме кога сме во парламентарно мнозинство, а кога ја претставуваме опозицијата.

Сега би сакала малку да се задржам на амандманот 29 со тоа да ни биде јасно, а во контекст на ова што е тема на дискусија денеска, за се што одлучува судскиот совет. Значи, судскиот совет ги избира и разрешува судиите и судиите поротници, што е многу важна работа. Потоа утврдува престанок на судиската функција, ги избира и разрешува претседателите на судовите, ја следи и ценува работата на судиите, одлучува дури и за дисциплинската одговорност на судиите, одлучува за одземање на имунитетот на судиите, понатаму не би читала затоа што со самото ова веќе потенцирав колку е значајно ова тело и колку значајни ингеренции и овластувања има со измената на Уставот.

Токму поради тоа почитувани колеги, сакам да истакнам дека вака предложените кандидати, не само што не се политички, да имаат политички сваќања како што беше кажано овде и несомнено

дека нема ништо лошо во тоа, но едно е да имаш политички сваќања, а друго е да бидеш припадник на политичка партија.

Вака предложените кандидати од кои еден бил министер во Владата од 1998 до 2002 година, за труд и социјална политика и тоа претставник од ДПА, значи јасно дефиниран на која партија и припаѓа, другиот член како што слушнавме е од високото партиско раководство на ВМРО-ДПМНЕ, значи не станува збор за луѓе кои се партиски неопределени, истите сознанија ги имаме и за третиот член.

Кај мене се наметнува дилемата дека вака предложените кандидати за членови, секако дека ќе бидат избрани, дали се подготвени одговорно да се зафатат со разрешувањето на проблемите кои со години ги имаме напластено во судството, дали ќе можат да се ослободат од партиските влијанија и при предлагањето на судиите и при нивното разрешување и при одземањето на имунитетот и другото што пред малку го спомнав или ќе останат само експоненти на политичките партии. Вака предложените кандидати избрани на овој начин мислам дека така ќе биде. Очекував дека парламентарното мнозинство ќе има доблест барем од овие три кандидати што ни ги предлага сега еден да биде можеби политички понезависен, да не биде нивен член, а имавме доста предлози со издржани биографии, луѓе кои знам дека не припаѓаат на ниту една политичка партија и доколку тоа се случеше ДПМНЕ ја имаше таа доблест да ни предложи барем еден, не мораше сите три, тоа ќе беше добро, ќе беше добро за демократијата во Република Македонија, ќе беше добро и за независноста на судството.

Така на крајот ќе мислев дека она за што сите се залагаме за независно судство, на сите и на парламентарното мнозинство најмногу им е полна устата за независност на судството, нема да беше само декларативна заложба, туку навистина ќе беше нешто што тие сакаа да го спроведат во дело. Во спротивно отстапките, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, ве демантираат дека сте навистина за независно судство и за независен судски совет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Најпрвин да искажам една загриженост затоа што од 14,45 часот трае некаква координација со координаторите на пратеничките групи, нивните заменици, претседателите на некои партии или претставниците на етничките заедници се некаде, се надевам дека се добро и не се врши некаков притисок врз нив.

Од друга страна не гледам логика уште од сабајле се поканети избраните и оние што се во процедура членови на судскиот совет со што се ставаат во една навистина непријатна ситуација тука низ Собранието да го поминат денешниот работен ден, а претседателот и потпретседателите да немаат визија дека точката не може така брзо да се заврши со оглед на процедурата од страна на парламентарното мнозинство.

Повторно се отворија истите теми, истите проблеми, истите дебати или истата слика кога имаме некој точка овде во Собранието воглавно дискутираат претставниците од опозицијата, со поедини реплики се обидува парламентарното мнозинство да направи магла со низа невистини.

Прво, ВМРО-ДПМНЕ има право да мисли дека со оглед на анкетите ја има поддршката во Република Македонија иако за волја на вистината ова е Влада која е формирана со најмалку гласови до сега добиено на избори 305-306 илјади гласа се сепак 1/6 од гласачкото тело во Република Македонија, но ние сепак го почитуваме тоа и се обидуваме цело време во овие три месеци да ги убедиме дека се тие на власт, без разлика што тие бројки се мали, а дека СДСМ е во опозиција.

За волја на вистината својата неефикасност се обидуваат да ја бајпасираат или да ја обвинат за тоа опозицијата иако бројките зборуваат нешто друго.

На пример, во 2002 година во првите сто дена Владата во Собранието испрати 65 закони или измени на закони, за разлика од 2006 година кога Владата во првите сто дена испрати два закона и 15 измени на закони. Значи, за дебатираме дека некој нешто кочи, треба да дебатираме со факти и бројки да видиме дали може да се кочи нешто за што и нема предлози. А целиот процес трае долго, затоа што, ајде можеби ние не сме во право, но оние што го оценуваат прогресот во Република Македонија кон Европската унија и кон НАТО институциите, велат дека изостанува политичкиот дијалог, особено во Собранието. Затоа во право се некои политички партии овде што зборуваат дека дијалогот за тоа се прави пред Комисијата за избор и именување. Не можеме да го ставиме Собранието со политички договарања и преговарања во ист кош со предлозите на претседателот. Мислам дека тоа е неумесно и мислам дека тоа нема никаква врска во овој момент. Ние сме овде Собрание, 120 пратеници, политички партии кои што, согласно Деловникот работат и Агендата на Собранието е со усогласени ставови од пратеничките групи. До колку овие 5-6 часа и овој неформален состанок што не знам колку ќе трае и не знам каде се некои претставници на етничките заедници заедно со претставниците од парламентарното мнозинство, се одвиваше некаде, или се одвиваше порано, оваа седница ќе траеше 15 минути, исто како што трае седницата за испраќање на наши мировни трупи во НАТО во Авганистан, затоа што мислиме дека тоа е добро за имиџот на Република Македонија.

До колку целата процедура ја направиме на начин како што треба и целиот овој шест часовен или седумчасовен разговор траеше или се одвиваше

пред почетокот на Комисијата за избори и именувања, оваа седница ќе траеше пократко, немаше да ги држиме овде цел ден кандидатите, оние што се избрани и оние што се кандидати овде во Собранието, ниту пак ќе имаше потреба сега претставниците на етничките заедници да бидат некаде.

Јас уште еднаш ќе повторам, за жал сеуште не чувме од претставниците на парламентарното мнозинство афирмативна дискусија за еден од кандидатите. Минимум човекот што ги предложи секој од кандидатите на Комисијата за избори и именувања, мислам дека ќе беше доблесно и овде да излезе и да каже зошто човек кој студирал 10 години и завршил со просек 6,3 е квалитетен кадар кој што треба да биде избран за член на Судскиот совет. Зошто со најслабиот просек од сите 36 кандидати е тој човек што треба да биде. Мислам дека барем толку имаат достоинство членовите на парламентарното мнозинство, кои што ги предложија на Комисијата за избори и именувања, тоа да го направат јавно и транспарентно, овде на седница на Собранието, каде што многу повеќе луѓе гледаат и многу повеќе граѓани кои се загрижени во која насока одат работите во судскиот систем во Република Македонија треба тоа да го знаат. Да не ја водиме дискусијата со дисквалификации на парламентарната опозиција, затоа што таа зборува за процедурата. Ни една дискусија од страна на парламентарната опозиција не прифаќам дека зборува за лични навреди и дисквалификации. Не е лична навреда и дисквалификација ако кажеме дека еден од предложените кандидати бил член на Влада, политичка Влада и по мое мислење бил добар министер. Тоа не е лична навреда идисквалификација. Јас мислам дека господинот Бедредин Ибраими бил добар министер, ама не можеме да го избегнеме фактот дека бил член на политичка Влада како член на политичка партија. Потоа, тоа не значи дека ние го дисквалификуваме или сакаме да ги кочиме реформите. Или пак тврдењето дека лична дисквалификација дека некој бил потпретседател на општински огранок на ВМРО-ДПМНЕ. Зошто е таа дисквалификација и навреда. Секој има право на избор, си ја одбрал таа партија. Ама затоа велиме дека согласно Уставот каде што не за џабе напишале дека треба да бидат подалеку од политичките партии, го напишале тоа и зато ние на тоа укажуваме и затоа изразуваме загриженост за партизација и политизација на Судскиот совет. Потоа, да не си го смета ВМРО-ДПМНЕ како голема доблест или голем успех деак придонеле по прв пат судиите да си избираат судии. Тоа е направено со уставните измени што ВМРО-ДПМНЕ не ги гласаше, а Владата на СДСМ ги предложи и со коалиционите партнери на ЛДП и ДУИ овде ги изгласа. Затоа попрв пат денеска судиите си бираат судии меѓу себе, затоа што тој процес го започна Владата во која што СДСМ имаше најголемо учество, го заврши тоа. Европската комисија го оцени како позитивно и покрај имплементацијата на Рамковниот договор, покрај имплементацијата на Централниот регистар, покрај фер и коректните избори. Како барање беше задоволено од судскиот систем, не за џабе 11 амандмани поставивме на Уставот, за да една многу чувствителна сфера да биде реформирана.И затоа денес судиите си бираат судии. Затоа денес некој позитивно гиоценува тие чекори. А не затоа што парламентарното мнозинство мисли дека треба да постави за судии бивши министри, или членови или потпретседатели на политички ограноци на Република Македонија. И немање на аргументација овде да ја замениме со обвинувања на парламентарната опозиција дека сака да закочи нешто. Ниту парламентарната опозиција е виновна што денешниот ден е поставена оваа точка на дневен ред. Не ја составуваме ние Агендата, ниту сме ги поканиле ние судиите овде да седат и да чекаат да видат дека ни еден од парламентарното мнозинство не мисли дека треба нивните биографии да ги одбрани, да даде аргументација зошто баш тие луѓе од 36 се предложени. На тој начин, влегуваме повторно во една непродуктивна дебата. Мислам дека вистинскиот пат за решавање на работите требаше да заврши многу порано и не мислам дека е ова начин на кој што треба да продолжиме со реформите во судскиот систем. Се дава лош пример. СДСМ никогаш за разлика од парламентарното мнозинство, вклучувајки и еден пратеник од парламентарното мнозинство нема да каже дека судиите се корумпирани. Ние ќе ги почитуваме како институција, ќе ги почитуваме како посебна власт во Република Македонија и секогаш ќе се залагаме да го заштитиме нивниот интигритет и кредибилитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави господинот Александар Николвски.

**Александар Николовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги, јас реплицирам за да се согласам со колегата дека ние денеска за жал, успеавме да одработиме на лош имиџ на нашето судство. Ние денес успеавме да упатиме критики кои што сериозно ќе влијаат врз угледот и врз кредибилитетот не само на судиите, туку и на обвинителите и т.н., така што, туку апсолутно се согласувам дека треба ние да ја поделиме одговорноста. Но исто така би сакал да одговорам на прашањето зошто ВМРО-ДПМНЕ не гласаше за уставните амандмани. Не галсаше за да немаме дискусии како што имавме денеска. Не галсавме заради тоа што баравме од 15 членови во Републичкиот судски совет 12 да бидат избрани од редот на судиите, а не 8. не гласше заради тоа што баравме министерот за правда како политичко избрано лице, како лице кое што е дирекно избрано од политичка партија,односно политичка гарнитура, да не биде член на Репбуличкиот судски совет и исто така не гласаше

заради тоа што предлагавме кога ќе се избираат судии да има едно неформално проширено тело од 20-тина судии кои што би им помагале на овие 15 при избор на судиите, така што овие би станале беззначајни. Така што, тоа е одговорот, зошто не се случи тогаш кога требаше да се случи.

По однос на политизацијата 8 од вкупно 15, дури и по овој модел се избрани од редот на судиите, така што мнозинството и во овој модел е гарантирано, односно за тие 8 луѓе одлучуваат самите судии. Сметам дека дури и сите тројца за кои говориме денес да бидат не поранешни членови или министри, туку во моментот во извршни органи на политичките партии, тоа не може значајно да го наруши авторитетот или независноста на Репбуличкиот судски совет, до колку овие 8 луѓе првонаведени и до колку двајцата луѓе кој ги предалга Претседателот чесно ја одработат својата работа и навистина се непартиски.Значи, во тој случај имаме 10 луѓе, односно двотретинско мнозинство, кое двотретинско мнозинство може да ја гарантира таа независност. Но јас не сум убеден во тоа заради тоа предлозите на Претседателот се проблематични и ќе разговараме. Најмалце еден е проблематичен, заради тоа што ја навредува цела една заедница во Република Македонија, а исто така можеме да разговараме и за тие 8 на кој начин се избрани и односно можеме да разговараме дека во тие 8 има и членови на СДСМ, што воопшто не ми смета заради тоа што судиите ги избрале, односно гласале за нив и не ми смета што претседателот на Охридскиот суд е член на СДСМ и во моментот е избран за член на Републичкиот судски совет, заради тоа што судиите така одлучија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам, за контра реплика се јави пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам, како тече дискусијата, полека ќе си кажеме се. дека ни смета и тоа и сакаме да се мешаме во изборот на судиите. Значи Владата на СДСМ не исполнуваше лични барања, туку исполнуваше евроспки стандарди во сферата на судството. Тоа е една работа.

Втора работа, да ве потсетам, не бевте тогаш пратеник, верувам следевте од телевизија. ВМРО-ДПМНЕ се залагаше сите судии да ги бира Собранието на Република Македонија, бидејќи според зборовите на господинот Никола Груевски судиите се корумпирани и сами меѓу себе ќе се бираат. За жал, тоа не помина и ги исполнивме стандардите и нормите што ги бараше Европската комисија и сфатете, Македонија е земја кандидат.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има пратеникот Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, би сакала да реплицирам на господинот Макрадули, мојот ценет колега за две работи.

Прво, да, се согласувам со господинот Макрадули, Уставот е многу јасен, функцијата на судија и член на Судскиот совет е неспоива со членување во политички партии. Тука нема дилема. Меѓутоа, јас детално ги прочитав биографиите на сите оние кои беа пријавени, а посебно на овие тројца кој ги избра во процес на гласање Комисијата за избори и именување и ги предложи како предлог на Комисијата, за кој сега дебатираме и во нивната биографија јас не видов никаде да пишува дека се членови во политички партии.

Каде госпдинот Макрадули го прочита тоа. Ајде да одимепо ред. Во биографијата на госпоѓата Лина Петровска точно се наведени сите функции, односно целата нејзина работна историја и дури ни индиректно не можеме да претпоставиме дека таа членува во некоја политичка партија затоа што ни една од тие работи што таа до сега ги вршела не е функција која се добива по партиска заслуга. Значи таа била стручен соработник, судија, значи долго работела како судија, па била разрешена по нејзино барање, па работела како адвокат. Значи ни една од тие функции што ги вршела не е врзана со членување во политичка партија.

Исто така и во биографијата Ѕвонко Богдан не можеме да заклучиме ниту пак имаме право да заклучиме дека тој членувал во некоја политичка партија, а за волја на вистината кај Бедредин Ибраими, тој бил министер, меѓутоа господинот Ибраими од 2003 година се бави со научно-образовна работа, не обавува функција, а членувањето во политичка партија, господине Макрадули, не е еднаш дадено. Можете да бидете член и да престанете да бидете член на политичка партија. Нели е така?

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван минситер за правда, јас не намерав денеска да дискутирам, бидејќи не сум правник и не можам стручно да учествувам во расправата по оваа тема, меѓутоа, бев испровоциран од текот на седницата и од односот на парламентарното мнозинство во текот на целиот денешен ден.

Јас денешната седница ја замислував како една седница во која што ќе се заокружи уште една фаза во реформата на судскиот систем во нашата Република, со изгласувањето на членовите на Судскиот совет и на тој начин ќе дадевме свој придонес во оспособувањето на судството, поефикасно да се справи во борбата со корупцијата иорганизираниот криминал како едно од приоритетните прашања и проблеми што треба да се решат во нашата Република.

Меѓутоа, како што тече седницата, цел ден расправаме по ова прашање. Мислам дека крајната придобивка или резултатот од оваа

седница повторно ќе биде само фрлање уште една црна дамка на судството, прогласувајќи дека е партизирано, политизирано, дека работи по диктат на политичките партии и дека едноставно, партиите се тие што го контролираат, што мислам дека е голема штета и мислам дека Парламентот како орган во државата требаше да најде сила да го надмине ова и да даде поддршка на судството понатаму на негово понезависно функционирање.

Одговорноста за ваквиот тек на седницата, како што кажав ја гледам во парламентарното мнозинство затоа што не успеаа да отворат дијалог. Знаеме дека  за да се изгласаат членовите на Судскиот совет е потребно двотретинско мнозинство. Притоа е потребно и таканаречено Бадинтерово правило, значи мнозинство од вкупниот број на припадници на заедниците, а седницата ја почнавме без да постои таков консензус, или во најмала рака отворен дијалог за овие прашања. Ако една од главните забелешки на Европската комисијата по Извештајот кој што ни го испрати е токму прашањето на отсуството на дијалог меѓу политичките ппартии во Република Македонија, меѓу позицијата и опозицијата, ваквото почнување на седницата и ваквото водење на седницата иотсуството на чувство или волја за дијалог од страна на парламентарното мнозинство, наредниот извешта многу поексплицитно ќе ни укаже на овие пропусти.  Едноставно, ако сите сакаме да ја видиме Република Македонија како членка на Европската унија, ако сакаме да отвориме борба против организираниот криминал, ако сакаме да водиме реформи во сите сфери на државата, мислам дека ние со нашето однесување како парламентарци треба да работиме во насока да гозајакнеме капацитетот на институциите, а не да го омаловажиме, намалиме, препукувајќи се, или напаѓајќи дека судството е партизирано и дека ние гоправиме тоа затоа што вие сте го правеле тоа, а притоа не укажувајќи ни еден аргумент, како што беше спомнато.

Зошто тие кандидати се предложени и кои се нивните позитивни страни, мислам дека им направивме лоша услуга и на кандидатите, од старт ќе тргнат со хипотека за тоа како се предложени, како се дојдени на таа функција и мислам дека тешко ќе можат да докажат дека не се под диригентство на некоја политичка партија.

Втората забелешка во извештајот на европската комисија е токму забелешката за партизацијата на институциите во државата. Со предлагањето на кандидати кои имаат политичко минато, некои од нив биле и дел од извршната власт како министри, мислам дека повторно се прави еден негативен чекор и се потврдува оваа констатација. Точно е, како што прочитаа некои колеги, дека нема причина некој доколку бил член на некоја политичка партија да не може да биде член на Судскиот совет. Меѓутоа, ако сакаме ефикасни органи, мислам дека меѓу толку кандидати можело да се најде и некој за кој немаше вака а се водат дискусии и за кои немаше да имаме толкави резерви за да го стиснеме копчето и да им дадеме доверба да бидат членови во судскиот совет. Едноставно објаснувањата од страна на позицијата дека претходно се правело така, па сега еве и ние индиректно признаваме дека ќе правиме на истиот начин не води на насока Македонија да продолжи да чекори напред во позитивна смисла, туку напротив, мислам дека многу назад се враќаме со ваквите постапки и чекори. Значи реформите се прават не за да биде полошо туку за да биде подобро и за тоа граѓаните зборот реформа во овие 15 години го доживуваат како нешто тешко, како нешто после кое ќе им биде полошо а не подобро и мислам дека со ваквото продолжување на функционирањето на мнозинството, тоа чувство уште повеќе ќе се зголеми кај граѓаните.

Исто така, не можам да прифатам, како што кажа некој од дискутантите, државата не е ваша, сега е наша. Државата е на граѓание на Република Македонија и по дефиниција ние сме избрани тука да ги штитиме нивните права и да создадеме услови за подобар живот.

Апелирам и мислам дека е добро оваа седница да заврши денес, без да има гласање, да отвори парламентарното мнозинство расправа, дискусија меѓу политичките партии, да се постигне консензус за ова прашање и на тој начин да создадеме услови судствотода продолжи да функционира што по независно, по не партиско, професионално, да дозволиме судиите да си ја извршуваат својата работа според актите што ги детерминираат, законите, Уставот итн., и мислам дека одговорноста повторно ќе кажам и треба да го сфатат тоа, после 5 јули е на владеачкото мнозинство, а приказните од типот и вие така правевте, колку побрзо завршат, подобро ќе биде за сите нас.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се пријави пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Само во име на исправање на неточни податоци ќе бидам кратка и прецизна. Ценет мој колега, членовите на Судскиот совет, Собранието не ги избира со двотретинско мнозинство туку ги избира со тн., апсолутно мнозинство односно 61 пратеник. Тоа е многу прецизно кажано во Уставот и исто така многу прецизно е кажано дека не е пречка политичкото минато на кандидатот, туку Уставот зборува за неспоивост на членување сега во политичка партија и вршење на функција член во Судскиот совет. Ве молам, многу прецизно да ги изнесувате фактите, за да не создаваме погрешна претстава во јавноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Конра реплика за Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Како што кажав, сепак јас не сум правник, можеби сум направил пропуст во тој дел, меѓутоа, околу оправдувањето дека членувањето во политичка партија доколку некој биде избран во Судскиот совет ќе му престане, мислам дека е само формална работа и тоа и е јасно и на колешката, треба да се залагаме како што кажа некој за квалитетни и професионални кадри да ги заземаат тие клучни функции во државата.

Благодарам.

**Бесним Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

За да сфатиме за колку сериозна и одговорна работа станува збор кога денес, без разлика колку часа, дискутираме, сакав само да се потсетиме дека не само заради ЕУ или НАТО, туку многу повеќе и заради нашите граѓани и заради бизнисот и економијата, и заради владеењето на правото и заради борбата против криминалот и корупцијата, не е воопшто сеедно на кој начин ова Собрание ќе ги предложи дополнително да ги избере членовите на идниот Судски совет на Република Македонија.Затоа, мислам дека не треба да ја сфаќате оваа точка само како обид да ви помине времето и да дочекате да заврши списокот на пратениците од опозицијата кои што ќе говорат, за да конечно пристапиме кон гласање, бидејќи не носите било каква одлука. Од таму, сметам дека ова го имате предвид.

При тоа, сакам уште една работа да истакнам, а тоа е дека СДСМ констатира и јавно призна не заради сопствената партија туку заради општите состојби, дека на судството во Република Македонија му треба длабока реформа. Ние тоа го констатиравме и ние започнавме да работиме на него. Денес оваа дебата е резултат на тоа. Не како што почитуваната колешка Димовска спомена дека во Македонија е направен чекор бидејќи судиите самите си ги избирале судиите и дека тоа е резултат на владеењето и работењето на оваа Влада. Направен е чекор, но не е направен чекор затоа што некој во овие изминати 100 дена го направил тоа, исто како што се обидувате безуспешно да го залепите орденот дека позитивната порака од Рига е заради овие 100 дена на Владата. Тука ќе застанам со коментарите на апсурдните тврдења.

При тоа, сакам да истакнам дека повторно бидејќи вие седите овде во средината одговорноста лежи кај вас, најголемата одговорност ја има и опозицијата и ние таа одговорност одговорно ќе ја преземеме. Токму затоа сакам да ве потсетам на две работи. Едната е еден извадок од вашата “Програма во 100 чекори” или “Програма за економска преродба” и не знам што уште не, која за вас е манифест, Библија, Устав, како сакате и која за жал се уште вашите министри ја читаат и одат на конференции, на разговори и преговори не баре се наоѓаат на митинзи. Но тоа е нивна работа. Во неа меѓу останатото има еден дел под број 7, каде што се вели “Добро владеење и борба против корупција” во кој во еден поддел сте го напишале следното, но не знам дали тоа го напишал некој од вас пратениците, дали можеби министерот кој што во моментов не ме слуша, дали некој друг во Владата. Но сеедно, вие сте ја презеле обврската бидејќи граѓаните го барале тоа од вас, каде што се вели: “Назначувањето и унапредувањето на судиите ќе го направиме транспарентно и тоа врз база на однапред утврдени правила и критериуми. Тоа ќе овозможи отстранување на партиските влијанија и формирање професионално, компетентно и високо стручно судство”. И втората, која што претпоставувам дека е конзистентна на оваа, е дел реченицата на вашиот премиер, и нашиот на државата, но вашиот шеф, во која меѓу другото се вели дека затоа Владата ќе спроведе нови принципи на транспарентно и одговорно работење, меѓу кои дел од мерките ќе подразберат транспарентност на условите и критериумите, за назначување на судии. Повторно истата теза. Значи и во програмата и во експозето на тогаш мандатарот, сега премиер на Република Македонија Груевски, сега тврдите дека ќе направите назначување и поставување на судии врз однапред утврдени правила и критериуми, дополнително тоа ќе сте го направиле транспарентно. Ајде да видиме дали тоа е така, за да видиме дали до крај доволно сте си ја сфатиле одговорноста и обврската да работите согласно ветувањата. Јас знам дека Владата сеуште го нема донесено актот број 1 од вашата програма, а тоа е актот за одговорноста, веројатно можеби за да си направи алиби дека нема да ги испочитува своите ветувања спрема граѓаните. Но ќе мора да давате и одговори на нив. Според кои критериуми однапред познати - еве, јас не сум имал шанса теоретски или хипотетички да ги слушнам - според кои критериуми вие не ги предлагате, а велам вие бидејќи по сила на математиката, по силата на гласањето во Комисијата за измени и именувања ги имаме овие три прдлога, по ништо друго. Ни ги предлагате и госпоѓа Лина Петровска и господин Бедредин Ибраими и господин Звонко Богдан. Дали еден од критериумите во кој велите дека ќе овозможите професионално и високо сручно судство е предложена госпоѓата Лина Петровска, бидејќи не јас, не вие, таа самата напишала во својата биографија дека на нејзино барање е разрешена од функцијата судија на Основен суд Скопје 2, сметајќи дека не баре со ова се амнестирала. Значи не била разрешена од Собранието, ама по нејзино барање заминала. При тоа фали уште да се додадат неколку факти дека таа точно, побарала да биде разрешена, но откако имала информации дека против неа или за неа ќе се отвори постапка за расрешување, бидејќи истата госпоѓа која жалам што не ја познавам немала долг временски период ниту

една пресуда по голем број стечајни постапки. Како ќе развиваме економија, правна држава, ќе ги привлекуваме странските инвестиции кога кандидатот на владеачкото мнозинство веќе во еден наврат не ги разрешувала стечајните постапки, во кои биле инволвирани голем број на фирми. Сега истата таа треба да одлучува кои судии ќе треба да го прават следното или сличното тоа. Токму за тоа не можам да најдам тука ниту еден критериум за професионалност, ако не зборуваме за партиска, дали има таа партиска припадност или не тоа вие подобро од мене го занете. Или пак ако говориме дека сакате да ја исполните вашата преземена обврска пред граѓаните на Република Македонија дека ќе ги отстраните партиските влијание во судството, на кој начин тоа ќе го направите со господинот Бедредин Ибраими, кој што е висок функционер на ДПА или пак на кој начин ќе промовирате високостручни кадри, ако погледнете дека 50% од биографијата на господиниот Звонко Богдан се сведува на учествата во управен одбор на велосипедска трка, карате федерација, црн појас, први дан, хонорарен дописник на МРТ итн.

Господине Вељановски и господине Ѓорчев, пријавени се за збор, ако не сте пријавени, пријавете се ќе имате шанса да ми одговорите.

Не знам зошто господине Трајко Вељановски вие сте најмногу во функција да ги браните овие предлози. Не гледам дека тоа го прави некој друг од владеачкото мнозинство, веројатно. . .

**Бесим Догани:** Ве молам, немојте да реплицирате едни на други. Продолжете, ве молам.

**Игор Ивановски:** Жалам што камерите не ве снимаат за да видат граѓаните за која одговорна влада и кое одговорно владеачко мнозинство гласале. Ако ова е однесувањето на владеачкото мнозинство за една ваква крупна тема, тешко на нас и ако не сакате да слушате, нема да ме спречите да зборувам, искористете ги деловничките права да ми реплицирате.

**Бесим Догани:** Господине Ивановски, ве молам зборувајте за темата, немојте да им се обраќате на пратениците. Тоа е моја работа да укажам. Повелете.

**Игор Ивановски:** Јас дискутирам. Оттаму, за жал, не успевате да се надминете и за една ваква крупна работа, како што е реформата во судството да ја спроведете на вистински начин. Зарем во ВМРО ДПМНЕ и останатите партии, ако сакаме до крај да ги карикираме работите како што тоа го правите се само овие тројца кандидати? Немате други членови на вашите партии кои на страна што се партиски членови, барем минимум да одговараат на критериумите, барем минимум да имале некои допирни точки и ако ги имале, ама да можат во целина да одговорат на оваа многу сериозна и одговорна работа. Кога тие ќе ги направат, ако бидат избрани секако, пропустите и грешките, кој ќе биде одговорен за тоа, тие лично или вие? Тоа треба да го кажете сега. Мене ми е сосема јасно дека владеачкото мнозинство и Владата сеуште се обидува да влезе во незапирлива еуфорија гледајќи ги анкетите и јас ви честитам што се наоѓате во таква ситуација, можете сега да плескате, сум го гледал јас тој филм, знам како се завршува кога вака се однесувате. И знам, кога една Влада на самиот почеток и едно владеачко мнозинство ќе се однесува со вакви предлози, ќе доставува вакви предлози во еден исклучително значаен орган, говори дека всушност нашата цел не е да ја продолжиме реформата во судството. Вашата цел не е да избереме сериозен орган, туку да инсталираме кадри на кои треба нешто да им вратите, бидејќи јас барав некои од вас барем да негира дека кандидатот Звонко Богдан не бил навремено потпретседател на Општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ или не знам која друга функција ја имате во тие комитети. Ако тоа го демантирате, да знаеме и јас и целата македонска јавност. Но да не дозволувате, мислејќи дека ако ја имате силата на математиката за која се покажува дека за вакви крупни работи заради Уставо ја немате, и доблесно ќе беше во најмала рака да се извините и за процедурата, но и за самите предлози кои ги доставивте. Оттаму, може да продолжат така наречените консултации со припадниците на помалите етнички заедници во Република Македонија, ако тоа ви е џокерот, ама очекував дека ако навистина сакате да се воспостави и инсталира сериозен политичи дијалог, тоа да биде иницирано од страна на вашето раководство на лидерските средби, па можеби денеска на една поширока консултација да ги повикате сите пратеници на ДУИ, па воопшто да не се заморувате доколку успеете и нас и нив да ги убедите дека станува збор за сериозни, стручни, одговорни, компетентни лица и да ја дадеме и нашата поддршка. Тоа не го кажувам заради вас, бидејќи се сомневам дека ќе разберете, туку заради македонската јавност, не е да бидеме наводни кочничари на реформите, бидејќи овие реформи ги започнавме ние и наша цел е тие да продолжат. Не работевме четири години на овие реформи за да сега ги запреме.

Но, не можеме по секоја цена да дозволиме истите тие реформи биле злоупотребени и на крај да се сведат на класично, партиско инсталирање на оние органи за кои што не оценуваат и во Европската унија и во НАТО, ама ќе ве оценуваат пред се вас, граѓаните на Република Македонија. Благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави Ѓорчев Владимир, повелете.

Збор има министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Право е на пратениците да говорат, право е на пратениците да критикуваат, меѓутоа право е и на

кој начин тоа ќе го прават, некои ќе го прават театрално, некои патетички, некои ќе го прави на друг начин, меѓутоа, не е право да се говорат невистини.

Владата на Република Македонија го подготви актот за одговорност и не е точно дека Владата не ни помислила да донесе таков акт. Тој акт денеска беше на комисиите за политички систем и Комисијата за економски систем и Владата на наредната седница ќе го донесат за одговорност во врска со извршувањето на нејзината програма. Владата ќе го направи тоа што на претходата Влада ни на крај памет не и падна да го постави прашањето за одговорност туку ја втурна државата длабоко во криминал и корупција, во беда и сиромаштија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре.

Реплика на министерот од господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Драго ми е што слушнав дека после повеќе од три месеци ќе го остварите вашето прво ветување и тоа е добро. Тоа е добро, но уште подобро ќе биде да го почитувате тоа што ќе го напишете, веројатно ќе го презентирате во јавноста. Оттаму се надевам дека ако до тогаш ги изгалсаме овие ваши предлози, ќе се прегледате во некој друг дел.

Ако од некоја причина донесувањето на актот на одговорноста не предохитри по донесувањето на овие предлози, се надевам дека тогаш ќе имате доблест да ги смените овие три предлози, бидејќи ваквиот начин на досегашаната работа не кореспондира со, претпоставувам, општите заложби што ќе ги напишете во актот за одговорност и се надевам, кога веќе ќе ги напишете, што го поздрвувам дека доследно и ќе ги почитувате.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со репликите кон говорот на господнот Игор Ивановски.

Прв за реплика се јавува Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Ивановски Игор, вашата намера е јасна, дали како пратеник, дали како потптетседател на СДСМ, дали како инсталација и апологет на Бранко Црвенковски. Вашата намера е да ја спречите декриминилизацијата на македонското општество, по сите основи секаде каде што можете, дали кога станува збор за Републички судски совет, дали кога станува збор за донесвување на закони, дали кога станува збор за битка против криминалот во Тутунски комбинат Прилеп, дали кога станува збор за истраги за дејанија на поранешни министри, дали кога станува збор за заштита на олигархијата која вие ја создадовте и едноставно сите оние проблеми кои ги има нашето општество.

Вие како политичка гарнитура сте заложници на олигархијата која ја создадовте и тоа уште 100 пати ќе го слушнете од нас, затоа што кога зборуваме за судството, од вас зборува гласот на олигархијата. Кога зборуваме за економијата, од вас зборуваат интересите на таа олигархија. Кога збоуваме за специјалните интерси, за конкуренцијата, за обвинителството, исто така. Значи намерата е очигледна, намерата е јасна, а тоа е да се спречи декриминаилизацијата на македонското општество. Нема да успеете. Републичкиот судски совет ќе функционира и ќе работи и со 10 членови. Нема да успеете.

Исто така, кога сме веќе кон тоа, сакате да ги оддолжите и да ги продолжите работите. Прашајте помеѓу вашите сопартици, кој има сметка во банка во Австрија на 150 илјади евра, прашајте. Многу ми е јасно зошто сите овие работи се обидувате да ги блокирате, со бесконечни дискусии, против германски деловник, протв странци во царината, против се она што треба да ги менува состојбите во Македонија. Намерите се очигледни, намерите се прочитани и би додал, намерите ќе бидат сосема неуспешни. Македонија ќе се менува и она што 16 години го правевте, го приредувавте и направивте да имаме убедливо најнеуспешна транзиција во цела Централна и Источна Европа, ќе биде премостено. Ова сега е само вовед. Знаеме дека има многу нервоза кај вас, знаеме дека има многу вознемирени срца со кои што, онаа личност која е кормилар на оваа транзиција едноставно соработува, но тоа е цената која мора да се плати. Или ќе имаме санкционирање на криминалот, или 2 милиони граѓани ќе се гушат во сиромаштија и ќе ги имаат сите оние секојдневни проблеми.

На крајот ќе завршам со тоа дека многу мајки на своите деца не можат да им купат кондури, не можат да им купат портокали, не можат да имаат сосема нормален живот за да некоја олигархија и некои луѓе живеат и имаат возен парк како Девид Бекам. Нема веќе да помине.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Денес сме 15 декември 2006 година, не 5 јули 2006 година и јас навистина не можам да ве разубедам да говорите така.

Но, СДСМ нема воопшто намера, ниту пак може и да сака, а не сака да ве спречи да се борите против криминалот и корупцијата. Ништо не ве спречува, повелете, ги имате сите институции и механизми. Ние ве подржуваме, до колку тоа го правите согласно со Уставот и законите.

Кога велите за 16 години транзиција, сигурно мислите и на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, 4-те години и сите работи кои тогаш се направија. Претпоставувам дека тоа и ви беше тезата и ве подржувам во тој дел. Впрочем, сега добивте обврска нешто да сработите. Од флоскулите и празните зборови, времето заврши.

Навистина жалам ако граѓаните на Република Македонија, наместо помаранџите во своите станови ќе имаат само една нераализирана портокалова програма што се нарекува - 100 чекори.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме со реплики.

За реплика се јавува господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре

Мислам дека пратеникот Игор Ивановски зборуваше за некои работи кои денес не се предмет на дневен ред. Тој зборуваше за избор на судии и за некакви критериуми кои треба да ги исполнуваат судиите. Ние денес расправаме за избор на членови на Судскиот совет и во Законот за Судскиот совет се дефинирани критериумите и кои услови треба да ги исполнуваат оние кои се кандидати за членови на Судскиот совет.

Според биографските податоци, сите 35, вклучително и оние што Комисијата за избор именување ги предлага, ги исполнуваат законските услови. Мислам дека околу тоа не треба веќе да спориме, да разговараме.

Инаку, точно е тоа дека одговорноста паѓа на Владата да води поефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата. Меѓутоа, инструментите кои и стојат на располагање, сепак на некој начин ја опстурира целата борба Парламентот, посебно опозиционите политички партии. Ако тие не дозволуваат да се избере Јавен обвинител, ако го попречуваат изборот на Судскиот совет итн, со долги дискусии, со неаргументрани расправи, тогаш неможеме да сфатиме поинаку освен кочење на реформите или кочење за да се започне вистинска војна против организираниот криминал и корупцијата.

Имунолошкиот систем на државата мора да профункционира. За тоа носиме сите одговорност.

Инаку добро е што пратеникот Ѓорчев спомна процес на декриминализација. Јас се надевам дека наскоро и проектот за декриминилизација, заедно со посебен закон, ќе бидат предмет на расправа кај овој Парламент. Искрено се надевам на целосна подршка од стрна и на Игор Ивановски, но и на сите пратеници од неговата пратеничка група, бидејќи тоа е предуслов за да започне една ефикасна борба против корупцијата и криминалот. Вака ако сме со недефинирани работи, тогаш можеме вербално да се залагаме, но ако не изгадиме еден заокружен и ефикасен систем, тогаш тешко ќе се справиме со високиот степен на корупција и криминал во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За контра реплика се јавува Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Бидејте сигурни колега Трајанов, дека јас и пратеничката група на СДСМ ќе ве подржиме, кога ќе се зборува, во секое време, на секое место и на секаков начин, за декриминализација на Република Македонија.

Мене ме чуди што навистина не сте вие, можеби министер за внатрешни работи каде можете да дадете поголем придонес отколку пратеник. Но, не и се, можеби имате некоја друга стратегија.

Што се однесува до она што претпоставувам сите ќе го верглате, а тоа е дека СДСМ и опозиционите партии ви се кочничари да ги спроведувате работите, или препишувате надприродна моќ и направите повеќе моќни отколку што сме, тоа е првата алтернатива, или вие не знаете да работите и ве нема по цел ден во Парламентот и не знате како да се изборите за своите ставови, или едноставно вие не сакате да ги донесете работите за кои добивте доверба од страна на граѓаните. Не го спречи СДСМ донисувањето на нов закон за Совет на јавни обвинители. Вие тоа не го направивте речиси повеќе од два месеци од разрешувањето на поранишниот обвинител Прчевски.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Следејќи ги дискусиите на колегите од мојата десна страна, констатирам дека сите тие се по иста шема. А, што е тоа? Напад на главата, напад на програмата на Владата, напад на тоа што Владата ветила дали ќе може да го исполни и дали нема да може да го исполни, а многу малку се држеа на тоа што претставува тема на оваа седница. Тоа како да е поразлично, а тоа веќе ни се повторува неколку пати по различни теми кои се ставени во Собранието односно да не се дискутира по темата туку да се напаѓа работата на Владата.

Прво со тоа сакаат пред граѓансвото да ги кажат своите ставови, второ да ја блокираат работата на Парламентот и последиците кои што доаѓаат од тоа што со задоцнување ги донесуваме актите кои што треба да ги носиме, а кои биле како дневен ред расправаме во ова Собрание. Според тоа, ветувањето на Владата за транспарентност за избор на судиите воопшто не е тема на денешата расправа, а јас прашувам кога веќе имаме објавен оглас и се пријавиле на истиот лицата кои ги пријавиле за членови на Судскиот совет можело ли Комисијата да оди надвор од пријавените кандидати. Ако ја погледате листата на пријавените кандидати ќе видите дека тука се повеќе судии кои што биле разрешени од својата должност. Дали сметате дека треба да бидат предложени некои од тие лица визави од овие кои што се предложени. Ниту пак посочија од листата на пријавените кандидати дека некое лице од тие кандидати заслужуват да бидат предложени од Комисијата. Мене многу ќе ме радуваше ако на листата на пријавени кандидати беа професори, други истакнати правници од редот на управата, во адвокатурата и било каде, меѓутоа располагаме со листа која што е дадена и на таа листа мора да се базираме. Според тоа, оние кандидати кои што се предложени од претседателот на републиката, тоа се бивши судии, а тоа не е интенција на Уставот да тие бидат предложени од него туку од редот на кандидати надвор од судството. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика Ивановски Иван, повелете.

**Иван Ивановски:** Па, вие го дадовте одговорот или го потврдивте тоа што јас го говорев. Па, ако и вие констатирате дека жалите дека поголемиот број на пријавени се разрешени судии од една или друга причина што понатаму да говорам. Тогаш се чудам јас самиот што од тие таквите се избрани три, нема друг избор најчесто и нормално е кога се стимулирани од страна на партијата.

Она што сакав да го кажам, што очекувате госпоѓо Дулиќ, ние да ќутиме и да го аминуваме тоа што вие го говорите и да ја земеме одговорноста на вашите грешки? Не. Ние тоа што е добро ќе го подржиме и нема проблем. Но, тоа што е катастрофално лошо ќе го коментираме. И немојте да ја правите грешката бидејќи и вие сте поранешен судија да се однесувате судски, условно, во политиката како што за жал, со ваков начин на подлаѓање се инсталираат луѓе што политички ќе размислуваат во судството. Значи ќе ги смените приоритетите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжувме со реплики.

Три минути реплика за Катерина Димеска, повелете.

**Карерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници.

Да бидам искрена, немав намера да се јавам за реплика, меѓутоа почитуваниот колега Игор ме прозва и од тие причини се јавив за реплика.

Прво, сакам да го замолам почитуваниот колега да се извини за тоа што од говорницата рече дека зборува не затоа што ние ќе го разбереме, туку затоа што треба да слушне македонската јавност.

Почитуван колега, ние сме произлезени од граѓаните, нас граѓаните ни ја додао довербата и навредуваајќи не нас, ги навредувате и граѓаните.

Второ, уште еднаш ќе потенцирам. Да,почитуван колега, напрвен е чекор напред во однос на изборот на Републичкиот судски совет. Осум члена од Републичкиот судски совет кои се избираат од редот на судиите, се избираат со гласање на судиите. Тие се луѓе кои не се политизирани, за она што денес најмногу говорите. Значи, потребното мнозинство е деполитизирано.

Друго што сакам да кажам е тоа што од говорницата почитуваниот колега читаше извадоци од нашата програма каде што се залагаме за стручност, компетентност, професионалност и независно судство. Значи, денес имаме прилика да видиме дека она што беше наша заложба е и наша цел и наша обврска. Ние стоиме зад нашите заложби што ги имавме во програмата и тие ќе бидат реализирани така како што им ветивме на граѓаните, така како што им ветивме на оние што застанаа зад нас, меѓутоа од ваша страна се бара да бидете трпеливи, дефинитивно да сватите дека сте опозиција и Владата да го спроведе тоа што го вети на граѓаните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Колешке очигледно не сте ме сватиле.

Да, јас се согласувам со вас кога велите дека е направен исчекор во изборот на членовите. Не е тоа Републички судски совет, како што велите, тоа е Судскиот совет на Република Македонија, ако внимателно прочитате.

Реков дека тој исчекор го направи СДСМ и коалиционите партнери во изминатиот период. Јас ве молам, ајде вие направете уште еден исчекор. Ако сме го реформирале системот, дајте и вие предлози кои ќе одговараат на тој систем. Значи на реформиран систем за избор на членови на Судски совет. Дајте професионални, непартиски стручни кадри. Тогаш нема да имаме само еден исчекор, ќе имаме два. Тогаш ќе го поздравам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика има пратеникот Лалчевска Ристана.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Навистина не можам да останам на страна од некои работи, од некои изнесувања на претпоставени вистини.

Мојот ценет колега Ивановски во својот говор изнесе една информација, според него, дека Лина Петровска, поранешен судија, сегашен адвокат, која е сегашен кандидат за идниот Судски совет била разрешена. Јас бев пратеник тогаш кога се констатира престанокот на функцијата судија на госпоѓата, бидејќи таа побара по нејзино барање.

Условите, колега Ивановски за престанок на судската функција се строго предвидени во Законот. Меѓу нив и по лично барање. Тука Собранието нема што да дебатира, го констатира престанокот на функцијата. Меѓутоа, вие изнесовте за мене еден многу застрашувачки податок. Велите дека вие сте имале информации како таа добила информации дека ќе биде можеби разрешена, па затоа побара разрешување. А, од каде ви се вас таквите информации колега Ивановски, навистина би сакала да знам? Навистина би сакала да знам, дали по вашите канали остварувавте блискост, еве ќе речам можеби “блискост” преку Ленче Софрониевска или некој друг и ги имавте предвреме информациите и ги канализиравте кој ќе биде разрешен, кога ќе биде разрешен и кој ќе биде поставен за судија? Значи, вие признавте сега дека вршевте политичко влијание врз изборот и разрешувањето на судиите. А, 12 години во независноста на Македонија бевте власт. И оттаму може да се види учинокот во политизацијата на судството. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика Ивановски Игор. Повелете.

**Игор Ивановски:** За да бидете принципиелна до крај, очекувам ова исто прашање да му го поставите на вашиот коалиционен млад колега Николовски, од каде има информации дека еден од судиите кој што се избрани токму од судиите бил член на СДСМ и тоа од Охрид.

Значи, кога поставувате вакви прашања ќе го добиете и следниот одговор, искрен. Кога се секирате и саката да знаете како работат луѓето од кои што зависат и судбините на претпријатијата и на поединците, но зависи и како функционира правната држава, Република Македонија, тогаш ќе се заинтересирате зошто еден судија, подолг временски период нема донесено пресуда, на очиглед на сите факти. Ако комуницирате со фирмите, ако комуницирате со луѓето ќе ги добиете тие информации, не треба ни да сте посебен правник, логички да заклучите што треба да се случи.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Немате право на реплика. Процедурално само ако барате. Ако не Ѓорѓи Оровчанец, реплика. Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас би реплицирал на некој начин, практично би се надоврзал на репликата која што ја имаше госпоѓа Ристана Лалчевска.

И во минатиот мандат беше ситуацијата кога беше решена во Собрание на основа на нејзино барање Лина Петровска, и мислам дека тука господинот Игор Ивановски греши, односно се обидува со шпекулации да наметне одредено мислење.

Господине Игор Ивановски, вие имате одредени сознанија, меѓутоа за да нема сознанија, подобро е да ги земете судските билтени каде што се даваат извештаи колку решенија и што кој судија направил. Доколку ги видете тие билтени ќе видите дека конкретната личност ги извршила сите решенија и ниедно од тие решенија не е вратено. Тоа е една работа.

Втора работа, е што на овој начин, практично, со дисквалификација која што е непроверена, сакате да наметнете одреден амбиент кој што сметам дека е непримерен во оваа ситуација. Ако зборуваме пак за партиската припадност, не знам дали госпоѓата Лина Петровска би ја ставиле во групата на СДС затоа што беше избрана како судија во времето на СДС.

И трета работа е или последна што оваа работа сега овде што ја работиме треба да биди прашање на Собранието а не прашања на Владата или на одредени други институции или лоби групи околу тие институции.

Значи ова прашање треба да биди исклучиво прашање на Собранието и ова е изборна функција на Собранието и не треба со дезинформации да се дисквалификуваат одредени работи, токму во ова Собрание. Благодарам,

**Бесим Догани:** Благодарам. Реплика пратеникот Гарип Каба. Повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Следиме уште еден ден со маратонски дискусии и без конкретни резултати.

По се изгледа референците и дискусиите од опозицијата, посебно од СДСМ имаат единствена цел да ја блокираат работата на овој Парламент. Излагањето на господинот Ивановски и дискусијата за членовите на Судскиот совет, посебно тие кои ги предлага Комисијата за избори и именувања е скандалозно. Уште повеќе кога човекот, како пратеник, со искуство, кој се именува како политичар, нагласува и влегува во приватни толкувања и приватни оценки на личности, посебно на Бедредин Ибраими, поранешен член на ДПА, министер на оваа партија, висок функционер, кој пред четири години веќе не е член на оваа партија и не фигурира во активностите на оваа партија. Ве молам, кој е гревот што еден член на Судскиот совет кој се предлага како Албанец, дека тој бил министер или нешто друго и да не може да биде предложен како член на Судскиот совет.

Јас во оваа прилика би го прашал господинот Ивановски кое е правото на господинот Црвенковски, кој пред да се кандидира за претседател, беше член на СДСМ. И, Законот за кој говориме, му го дава правото и Уставот му го дава тоа право, и се бара, откако да се избере тој член, треба да се деполитизира и да се откаже од партијата, што е обврска доколку евентуално е член на ДПА господинот Бедредин Ибраими.Ова е ексклузивно право на секој граѓанин и му припаѓа тој да даде оставка од денот кога го добива мандатот како член на Судскиот совет.

Ова е мојата интервенција и мислам дека господата да бидат внимателни за квалификациите кој ги даваат и за лицата кои не ги познаваат доволно и нивните оценки да не ги даваат без добра анализа. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од една минута пратеникот Ивановски Игор. Повелете.

**Игор Ивановски:** Добро, бидејќи е последна господине Каба, компарацијата или аналогијата помеѓу Бедредин Ибраими и Црвенковски ви е нелогична и нема потреба воопшто да ја коментирам. Не држи вода.

Втората работа е што против господинот Бедредин Ибраими немам ништо лично против. Имам забелешки како тој работеше кога беше министер. Сега немам ништо против него, гледам дека дури и го усовршил своето образование и тоа го поздравувам.

Имаме еден принципиелен проблем. Вие, самите истакнувате дека бил долгогодишен активист на ДПА. Сега велите дека бил повлечен. Како тоа да

го знаеме? Како е тоа повлечен? Ги прекинал врските со вас, нема да има ДПА влијание врз неговата работа? Кога тоа ќе го докажете, а не можете, и знаете дека не можете, во таква ситуација не можам друго ништо да кажам.

И на крајот потрошивте за мене или на мојата дискусија повеќе од 20 минути само на реплики, а велите дека сакате Македонија да чекори напред и да брза во спроведувањето на реформите. Доколку потрошевте 20 минути пред почеток на седницата со опозицијата, ќе немавте воопшто никаков проблем да донесете процентуално поддржани решенија, ако сакавте.

**Бесим Догани:** Господине Ивановски благодарам.

Процедурално, збор бара господинот Вељановски Трајко, повелете.

**Трајко Вељановски:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза.

**Бесим Догани:** Добро, давам пауза, до 17,50 часот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,51 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со претресот по предлогот Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Има збор Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, почитувани членови на македонскиот Парламент,

Денеска, иако не очекував дека ќе се развие широка дебата по однос на предложената точка од дневниот ред, за жал, во македонскиот Парламент според мене, видовме едно сценарио за нас општо познато во последниве 3-4 месеци, процес на кочење на сите возможни процедури во Собранието на Република Македонија. За жал, Социјалдемократскиот сојуз иако го смени своето кормило, сеуште не може да ја промени матрицата на функционирање, онаа иста матрица која што ги донесе до најголемиот пораз во нивната политичка историја на постоење.

Јас пак ќе го повторам тоа што во една од репликите го споменав, дека, како од аспект на член на партијата ВМРО-ДПМНЕ мене ми одговара таквиот начин на работа на Социјалдемократскиот сојуз, меѓутоа, од аспект на граѓанин на Република Македонија заинтересиран оваа држава да оди кон евро и НАТО интеграциите, апсолутно таквиот начин на функционирање на Социјалдемократскиот сојуз го оценувам и го чувствувам како штетен по интересите на Република Македонија.

Немајќи поддршка од граѓаните во изборниот период, посебно во овој постизборен период, за сите постапки кои што ги прави Социјалдемократскиот сојуз ние сме сведоци во овој Парламент а и надвор од Парламентот на разни сценарија, разни блокади и кочници кои што имаат единствена цел да покажат како оваа власт нема капацитет да го спроведе сето она што го има ветено. За жал, почитувани членови на македонскиот Парламент кои што сте членови и на Социјалдемократскиот сојуз, јас можам да ве убедам дека оваа власт е цврсто решена да го исполни сето она што им го вети на граѓаните на Република Македонија, и ние цврсто стоиме зад ветувањата кои што сме ги дале. Какви сценарија и да правите, какви блокади да правите, јас ве уверувам дека ќе успееме да ги спроведеме реформите во Македонија и да ја декриминализираме Република Македонија.

Беа кажувани повеќе тези во овој Парламент денеска. Една од најинтересните тези кои јас ги слушнав денеска беше дека некој се обидува да воспостави систем на мнозинство во Државниот судски совет. За тие што не сте доволно запознаени со оваа проблематика, јас повторно, иако во една од репликите потенцирав, ќе се потрудам повторно повеќе во интерес на граѓаните на Република Македонија и на јавноста, да ви објаснам некои моменти.

Значи, Државниот судски совет е составен од 15 членови. Мнозинството од нив го бираат самите судии односно 8 од членовите се членови на Државниот судски совет избрани од самите судии. Тоа е мнозинството во Судскиот совет и тоа е рбетот на Државниот судски совет, луѓето кои според сите нас треба да бидат независни, треба да бидат во насока на заштита на интересите и на судиите, меѓутоа и на спроведување на правото во оваа држава.

Капацитетот кој ние како Парламент, а и Бранко Црвенковски како човек кој во моментот ја извршува функцијата Претседател, е да покажеме дека знаеме со нашите предлози да дадеме удел во начинот на кој ќе работи Државниот судски совет во иднина. Преку нашите предлози да им помогнеме на оние членови кои веќе се избрани од самите судии.

Тројца од членовите ги избира Собранието, по предлог на Комисијата за избори и именувања. Неколку пати денеска претседателот на Комисијата за избори и именувања господинот Трајко Вељаноски ви ја објасни процедурата на која Комисијата го извршила изборот токму на овие тројца кандидати. Значи, за среќа на сите нас имавме можност да погледнеме во биографиите на сите 36 предложени кандидати. Имавме можност да oцениме, да осудиме кој треба, кој не треба индивидуално. Преку нашите претставници во Комисијата апсолутно е правото да се гласа и Комисијата единствено може да дојде до став ако гласа. Не може никако поинаку. Дебатата, дијалогот и политичката демократија во Република Македонија ќе биде најздрава ако се случува во рамките на институциите на системот. Секое друго стимулирање на дебата надвор од институциите на системот не е толку

добро колку што може да се спроведува дебата внатре во институциите на системот.

Денеска имаме доста обемна дебата. Според мое слободно видување 70% од времето го искористија пратениците од опозицијата, тоа не е штетно, можеби е природно пратениците од опозицијата почесто и подолго да зборуваат, тоа како непишано правило треба да го имаат. Меѓутоа, покрај тоа цело време да бидеме обвинувани дека нема дебата, дека нема дискусија во македонската демократија е апсолутно илузорно.

Јас не би сакал да навлегувам во оценката дали некој персоналитет во Република Македонија е припадник на одредена политичка партија или не е припадник, но тежнее на одредена политичка партија или само е симпатизер на одредена политичка партија. Таквиот систем на работа, почитувани колеги, веројатно беше присутен во Република Македонија до 1990 година кога тогашните служби оценуваа дали некој е подобен или не е подобен, дали некој е лојален или не е лојален спрема тогашниот комунистички систем, се правеа досиеа, се правеа судски спорови поради тоа што некој не е член на тогашната Комунистичка партија.

Во овој случај е демократија и секој има слободно право да размислува политички. Како што кажа и почитуваниот претседател на Собранието Љубиша Георгиевски рано денеска, ние не можеме во оваа држава да најдеме политички идиот. Значи, не можеме да најдеме луѓе кои немаат политички став или политичко размислување. Јас не би сакал врз основа на слободни проценки да осудуваме одредени луѓе. Не би сакал преку лични дисквалификации и многу навреди кои ги слушнавме од овде присутниот највисок функционер на СДСМ вашиот потпретседател Игор Ивановски да ја водиме дебатата. Не доликува на пратеници во Собранието на Република Македонија. Не доликува ни на општински советници во било кој совет во Република Македонија, а камо ли на овој највисок Дом во Република Македонија.

Би ве потсетил на неколку имиња кои во минатиот парламентарен состав добија функции. Би ве потсетил на госпоѓата Алтанџиева, веројатно на многу од вас нешто тоа ви значи. Госпоѓата Алтанџиева беше заменик министер. Госпоѓата Алтанџиева стана член на Државната изборна комисија како професионалец и како непартиски припадник. Така?

Би ве потсетил дури и на господинот Иџет Мемети, кој преку ноќ го изгуби статусот на министер за да стане Народен правобранител. Јас не го спорам тоа. Мојот впечаток е дека во овој период господинот Иџет Мемети можеби е еден од најдобрите народни правобранители кои ги има Република Македонија. Значи, преку една ноќ господинот Иџет Мемети го изгуби членството во својата политичка партија за да стане народен правобранител.Само за да ве потсетам.

Зборувате за партизација на институциите. Јас би ве замолил да излезете помеѓу обичните граѓани да се распрашате каков е впечатокот на граѓаните и за судството, и за јавната администрација и за икс, икс други институции. Значи, обичниот граѓанин, тој кој сега во моментот не гледа. Каков е нивниот впечаток за партизацијата, кој го има партизирано ова општество?

Уште еднаш би потсетил што е она што македонската Влада го направи последните 3-4 месеци. На највисоките раководни функции во Царината, во Фондот за здравство и Финансиската полиција се поставени непартиски и професионални кадри, господа. Луѓе кои никогаш не припаѓале на ниту една политичка партија, а кои се докажани во својата професија. Тоа е начинот кој треба да го стимулираме. Вие на овие позиции стававте врвни членови од вашето претседателство како господинот Илија Илоски и како господинот Рубинчо Заревски.

Не би сакал да дискутирам во однос на корупцијата и на заслуженото 105-то место кое претходната влада на СДСМ и го испорача на Македонија. Тука би било излишно и не би сакал да навлегувам. Би сакал само да потсетам дека вашето противење и вашите кочници одат до таму дури и да го оспорувате правото на членови на МАНУ да бидат избрани на функции кои се бираат во Собранието на Република Македонија.

Пред малку спомнав една работа, ќе ја дообјаснам сега. Господа од СДСМ, Република Македонија не е творба на СДСМ, Република Македонија е држава на сите граѓани во Република Македонија, вие немате монопол над Република Македонија и се додека мислите дека секој друг освен вас нема право на ништо во оваа држава, вие ќе бидете во дефанзива и вие ќе ги губите следните избори, поради тоа што во Република Македонија можеби максимум 10% од граѓаните се членови на политички партии, другите единствениот интерес им е развојот и напредокот на Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Време е да ја привршуваме денешната седница.

Пред да ја затворам денешната седница, сакам да ви обрнам внимание на две нешта.

Денеска како знак на демократска ширина допуштив општа дискусија за сите пратенички групи иако темата беше ограничена. Значи, не го користев тој славен навистина генијален пронајдок, говорам без иронија, на мојот претходник, институтот на дигресија.

Мислам дека богато се издискутира по општи места, дека таа дискусија е завршена и мислам дека откако ќе ја продолжиме оваа седница, а тоа ќе биде понеделник во 11,00 часот, тоа е Дваесет и четвртата седница, на таа седница мислам дека треба да се лимитира дискусијата. Денеска разговаравме за се освен за кандидатите. Мислам дека сите сме им должни и

за нив да кажеме по некој збор кога за нив одлучуваме.

Значи, од понеделник дискусијата молам да биде пофокусирана на прашањето кое се дискутира, поперсонализирано. Тоа е првата моја порака.

Втората порака, во понеделник во 11,00 часот продолжуваме со Дваесет и четвртата седница и ако ја завршиме порано, ако ни остане време ќе продолжиме со точката по Буџетот. Тоа е распоредот.

На крај ве потсетувам дека Собранието избира член на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Благодарам на соработката, ја затворам седницата, продолжуваме во понеделник.

(Седницата прекина со работа во 18,06 часот)